СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седмата седница на Собранието на Република Македонија,

оджана на 23 јануари 2003 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа ја отворам Седмата седница на Собранието на Република Македонија

Пратениците Славица Грковска, Каролина Ристова и Марјан Ѓорчев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија господин Борис Трајковски

Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија

Претседателот на Републичкиот судски совет

Главниот државен ревизор.

Владата на Република Македонија, согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за облигациони односи, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овој закон да се донесе во скратени рокови.

Има збор господинот Кокароски, заменик министер за финансии.

Образложете ја само потребата.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Предлогот кој го даваме по итна постапка за да се измени Законот за облигациони односи е наметнат со оглед на тоа што треба да се промени членот 546 став 2 и 3 од спомнатиот Закон каде се дефинира лихварската камата затоа што тука имаме ограничувања од аспект на тоа што либор и еуролибор каматните стапки во овој момент со ограничувањата кои ги дава овој закон ќе овозможат една поголема пропулзивност од аспект на формирањето на банките за микрофинансирање така што ќе овозможат пазарното делување Законот за понудата и побарувачката да почне да функционира во вистинска смисла на зборот.

Комисијата го разгледа и даде едногласна согласност да одат по скратена постапка овие измени на Законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само да предупредам само направивте една мала грешка по скратена, а не по итна постапка оти еднаш кажавте итна, еднаш скратена, се работи за скратена постапка.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 83 пратеници од кои 71 за, 8 воздржани и 4 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратениците Петар Апостолов и Лилјана Поповска предлагаат на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за плаќање на дополнителна поштенска марка “Недела на деца со посебни потреби”.

Предлогот на законот ви е доставен.

Молам еден од предлагачите да ја образложи потребата за донесување на Законот по итна постапка.

Има збор господинот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Законот го повлекувам заради додатни консултации, а се надевам дека ќе го доставиме на една од наредните седници.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека точката се симнува од дневен ред, бидејќи е повлечена.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во Мировната операција во Авганистан.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба  Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Збор има господинот Владо Бучковски, министер за одбрана.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Владата бара оваа одлука да се разгледа на денешната седница затоа што се очекува оваа единица на Армијата на Република Македонија, ова пешадиско одделение да се вклучи во Сојузничката мисија во Авганистан во месец февруари.

Затоа е неопходно на денешната седница да се разгледа оваа одлука за испраќање на едно пешадиско одделение на Армијата на Република Македонија во Мисијата  ИСАВ  3 во Авганистан.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Владата, Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 85 пратеници, од кои 75 за, 5 воздржано и 5 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог за именување Јавен обвинител на Република Македонија.

Предлогот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ј аобразложи основната и неодложна потреба овој предлог да биде разгледан на оваа седница.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, заменик на министерот за правда.

МЕРИ МЛАДЕНОВСКА-ЃОРЃИЕВСКА:

Барањето за итноста го образложуваме од причина што подолго време не е назначен Јавен обвинител на РМ, што согласно уставната и законската поставеност на овој државен орган, кој се темели на хиерархија и субординација, е неопходно потребно да се изврши избор на Јавен обвинител на РМ.

А согласно одредбите од Деловникот на Собранието на РМ , може и по свикување на седница односно и на самата седница при утврдување на дневниот ред да се предложи во дневниот ред да се внесе одредено прашање само во случај на итна и неодложна потреба, а во случајот сметаме дека се работи за итна и неодложна потреба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 83 пратеници, од кои 67 за, 8 воздржано и 8 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Пратениците Елеонора Петрова-Митевска, Киро Дојчиновски, Славица Станковска и Јордан Михајловски предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за одбележување на Стогодишнината на Македонската државност 1903-2003 година.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Молам еден од предлагачите да ја образложи основната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор г-ѓа Елеонора Петрова-Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Постапката за донесување на програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во оваа 2003 година е подолготраен процес. Има околу 10 фази за да се донесе програмата за одбележување на значајни годишнини и истакнати личности. Ние сме сега во фаза три или четири и ни претстои уште влегување во процедура во Собранието, откако ќе ја изготвиме Предлог програмата, потоа претстои доставување на Предлог програмата до Владата, таа да достави свои мислења, потоа да се врати повторно во собраниска процедура, од собраниската процедура потоа на Комисијата за именување да го формира одборот, да го достави повторно до Собранието и целиот тој процес ќе одземе најмалку уште два до три месеци.

Заради итноста на одбележувањето на Стогодишнината од Илинден, односно Стогодишнината на Македонската државност 1903-2003, предлагаме посебна Одлука за одбележување на Стогодишнината на Македонската државност, за да може побрзо да влезе во собраниска процедура и да ја донесеме оваа одлука.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на пратениците, Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 92 пратеници, од кои 87 за, 1 воздржано и 4 против.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Комисијата за прашања на избори и именувања предлага дневниот ред на оваа седница да се пополни со Избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија.

Предлозите на кандидатите за потпретседатели на Собранието Ви се поделени.

Го молам претседателот на Комисијата да ја образложи основната и неодложна потреба изборот на потпретседатели да се изврши на оваа седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВ:

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2002 година, донесе Одлука за утврдување на бојот на потпретседатели на Собранието, со која е утврдено Собранието да има двајца потпретседатели.

Со оглед на тоа што извршувањето на овие надлежности е од особено значење за ефикасна работа на Собранието, Комисијата откако ги доби предлозите, се состана на 22 јануари 2003 година и утврди предлог листа на кандидати за потпретседатели на Собранието на Република Македонија, па му предлага на Собранието овој предлог да го разгледа на оваа седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 88 пратеници, од кои 60 за, 3 воздржано и 25 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија:

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон договорен залог, со предлог на закон:

4. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за облигациони односи, со Предлог на закон ("Службен весник на РМ" број 18/2001: 4/2002):

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на хидрометеоролошки работи, со Предлог на закон:

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вино, со Предлог на закон:

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија кон Светската трговска организација, со Предлог на закон:

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за укинување на присилна работа, со Предлог на закон:

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конзуларниот договор меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон:

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, психотропни супстанци и прекурсори, нелегална миграција и други кривични дела, со Предлог на закон:

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Словачката Република, со Предлог на закон:

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словачка за трговска и економска соработка, со Предлог на закон:

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Сојузна Република Германија, со Предлог на закон:

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Романија, со Предлог на закон:

15. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан:

16. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија:

17. Предлог на одлука за одбележување на Стогодишнината на македонската државност 1903-2003:

18. Предлог за именување јавен обвинител на Република Македонија:

19. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Тетово:

20. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Апелациониот суд во Скопје:

21. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови

Скопје 1-Скопје , Скопје 2-Скопје и Велес.

22. Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2001 година:

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе,

Ние , една група пратеници, доставивме до вас барање за дополнување на дневниот ред врз основа на член 66 од Деловникот. Станува збор за Информација за актуелната политичко-безбедносна состојба во РМ и Информација за состојбата со откупната политика на тутунот во РМ за реколтата од 2002 година.

Во читањето на дневниот ред не ги ни спомнавте дека се доставени. Од вас добив некое образложение каде треба да го барам тоа.

Би сакал само да обрнам внимание , врз основа на член 191 став 2 , ние како пратеници имаме право да бараме од Владата да достави информација, но во нашето барање се повикавме на членот 66 став 2, каде што се зборува како се поставува точка на дневен ред. Тука предложивме, со оглед дека станува збор за состојби кои се актулени и за кои има место да се разговара, предложивме во текот на седницата Владата да достави, а Вие како претседател да ја информирате Владата да достави таква информација. Впрочем, претставниците на Владата се овде присутни и можат да дадат согласност или не дали ја прифаќаат, онака како што ни беше практика и претходно. Како што и вие г-дине претседателе многу често сте барале.

Па според тоа, да не си играме сега со членови и ставови, сметам дека и едната и другата информација се од итен карактер, образложението што е напишано е доста долго. Настаните во овој период додека ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија не беа присутни во Собранието се движеа како на филмска лента и во ниеден случај Собранието не смее да биде изолирано од расправа по такви случаи.

Затоа, би ве замолил поединечно за двете информации, зборував во името на двете информации, тука се претставниците на Владата, да го слушнеме нивниот став, дали прифаќаат на оваа седница да се разгледаат. не мора тоа да биде прва точка на дневниот ред, нека биде последна точка за да добијат време, дури може и усмено да ја образложат, не мора тоа да биде писмено. Значи, дали Владата прифаќа и ако не прифаќа, да видиме што понатаму.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г-динот Караџоски.

Морам да ве известам дека условите за работа во Собранието се изменети во однос на оние услови на кои вие се повикувате, затоа што имаме нов Деловник. Според новиот Деловник, точка на дневен ред може да се стави само доколку е во писмена форма, што значи Деловникот исклучува можност од усмени информации и ставање на точки на дневен ред кои не постојат да се гласаат воопшто или да се ставаат на дневен ред.

Членот на кој вие се повикувате дека пратеник и Влада можат и после свикување на седницата, која е свикана во деловничките услови , како и на самата седница , до утврдување на дневниот ред - тоа е овој момент - да предложат на дневен ред да се внесе определено прашање во случај на итна и неодложна потреба. Тоа Вие го правите. меѓутоа, пишува дека во ставот 2 предлагачите се должни да поднесат материјал во писмена форма.

Иницијативата која вие ја образлагате е писмена иницијатива за ставање точка на дневен ред, меѓутоа, не е е информација во писмена форма, а во информацијата се повиквуате Владата да изготви информација. Се додека Владата изготви информација на ваше барање, јас не можам ниту да ја ставам на дневен ред, ниту да ја ставам на гласање, затоа што не се исполнети деловничките услови.

Ви го дадов писмото, ви го препратив, со кое вие не барате од мене писмена информација , барате од Владата, ќе го пропратам до Владата и доколку Владата изготви писмена информација, тогаш кога ќе изготви ќе се создадат деловнички услови да го ставам на дневен ред ако некој тоа го бара. Со оглед дека во овој момент ниту има информација ниту има можност некој да бара таа информација да се стави на дневен ред, не е возможно Собранието да работи по таа точка на дневниот ред. Доколку вие доставевте информација, па макар и на три страници, а не барање за информација, ќе го ставевме сега на гласање. Меѓутоа, вие доставивте барање за информација, а не и своја информација. Ако доставите во деловничките услови за наредната седница, информација, јас и без да ми кажете ќе ја ставам во моето решение за дневен ред. Меѓутоа, вие го доставивте пред два дена, имате барање, а не инфорамција, што значи нема ни точка ни услови да се гласа за точка на дневен ред.

Повелете, г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, јас добро го знам Деловникот. Така кога ги читате членовите, тоа е така. Меѓутоа, постојат работи за кои ние како пратеници, и да сакаме , не можеме да дадеме информација. Како јас да дадам информација за откупната политика на тутунот во 2002 година. Меѓутоа, состојбата е алармантна во Република

Македонија, секој ден Вие и сите ние овде сме сведоци дека таму тутунопроизводителите веќе најавуваат генерален штрајк и ние не можеме да предвидуваме настани 15 дена претходно. Ова не е со некоја намера дека сакаме да правимеовде којзнае што, маркетинг или било што друго. Идејата ни е чиста, во смисла да добиеме на време , г-дине претседателе. Точно така, јас во писмена форма го доставив и едното и другото барање, дадовме образложенија, но не сум надлежен јас, ниту некој од колегите пратеници да даваме информација како ќе се одвива вкупната политика на тутунот, па ниту за актуелната политичко безбедносна состојба. Заради тоа иницирaвме, Владата е тука, претставниците се тука и што е тешко да се произнесат дали може. Не мора строго да се држиме за одредени членови, каде очигледно има пропуст во Деловникот, кога во практиката се правеше нешто друго. Ако не може Владата, не мора на оваа седница, ако веќе е толку итно и не може да стаса, нека земе обврска тоа да го направи за една од наредните или поточно на наредната седница, но во никој случај не треба да избегнуваме да дискутираме за овие точки.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Морам да ве разочарам. Вие сте надлежни да предлагате информација и ако сакате можете да предложите како пратеник и инфорамција и закон. Меѓутоа, во овој случај, вие не предложивте информација, а предложивте барање за да изготви Владата информација. Тоа барање го доставив до Владата, како и известувањето до вас. Ако Владата достави инфорамција или ако вие доставите информација, ќе ја ставам на дневен ред и не можам да барам од Владата да се изјасни заради тоа што не е во Деловникот. Вашето барање да не се придржувам строго кон Деловникот го толкувам како непридржување кон Деловникот и тоа барање не можам да го уважам. Ако за ова и понатаму сакате да расправаме , нема да ви дадам збор. Не можам да ви дадам збор за нешто за кое и вие барате дека е надвор од Деловникот. Нема инфорамција, г-дине Караџоски,

(Дофрлување од г-динот Караџоски "Не мора денес").

Кога ќе достави, ќе ја ставам точката на дневен ред.

Ве молам, г-дине Караџоски уверен сум , ако не го познавате Деловникот, сега ви станува јасно дека можам да ставам точка доставена во писмена форма на гласање или на дневен ред ако постои. Во овој момент не постои и јас не можам да не се придржувам на Деловникот. Доставете информација или ова барање што го додставив до Владата, ако ми се врати како информација, на наредната седница можеме да го ставиме.

Има збор г-динот Телат Џафери.

ТЕЛАТ ЏАФЕРИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Предлагам точката Пет од дневниот ред во врска со Законот за вршење на хидрометереолошки рабпоти, со Предлог на закон да не биде на дневен ред на денешнава седница, од причина што овој Предлог на закон е предложено да се усвои во скратена процедура, врз основа на актите кои веќе не се во сила, со донесена Одлука од страна на нашиот Парламент. Всушност, процедурата за усвојување на овој закон се заснова на член 316 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Социјалистичка Република Македонија, “Службен весник број 14/86, 51/88, 46/89”, како и врз одредбите на Деловникот на Социјалистичка Република Македонија број 3/91, акти кои со усвојувањето на Деловникот на Собранието на Република Макеоднија на 15 јули 2002 година, прекинуваат, што се гледа од членот 240 на Деловникот, всушност на Деловникот на актуелното Собрание.

Затоа, предлагам оваа точка да се изземе од дневниот ред на денешната седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот ќе го ставам на изјаснување, меѓутоа, ве упатувам и на фактот дека има уште едно пропратно писмо, кое го достави новата Влада согласно Законот. Законот е доставен во собраниска процедура од претходната Влада. Новата Влада тој закон го остави во собраниската процедура со свое писмо од 11 декември 2002 година под број 4560/1 и со тоа писмо ви е доставен, врз основа на одредбите на оваа Влада сега.

ТЕЛАТ ЏАФЕРИ:

Јас го имам материјалот кој се заснова врз овие акти што ги спомнав, додека писмото за кое зборувавте го немам добиено. Мислам дека можеби го имате и јас го прифаќам ова што го имам. Јас можам да го добијам и да го видам писмото.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа е писмото од новата Влада.

ТЕЛАТ ЏАФЕРИ:

Јас ги гледам сите овие работи, но тоа се заснова врз закони кои што веќе не се во сила, мислам дека не вреди. Немаат вредност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро, барањето на господинот Телат Џафери точката да се симне од дневен ред, го ставам на изјаснување.

ве молам да гласаме.

(По гласањето).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Гласале 73 пратеници, позитивно се изјасниле 14 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Значи, точката останува на дневен ред.

Дали некој друг бара збор?

Господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господине претседателе, во име на пратеничката група на СДСМ, барам точката Предлог-одлука заиспраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан, да биде втора точка после изборот на потпретседателите. Со оглед на итноста за процесирање на целата оваа документација, бидејќи нашата единица, како што беше напоменато, треба да замине веќе во почетокот на февруари.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас ќе ве замолам прво да го утврдиме дневниот ред со сите точки, па откако ќе го утврдиме да побарате да се гледа точката понатаму.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 90 пратеници, за 82 пратеници, воздржани 5, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Господинот Јани Макрадули побара точката 15 - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на РМ, за учество во мировната операција во Авганистан, да се разгледа веднаш после изборот на потпретседатели на Собранието на РМ.

Тоа барање го ставам на изјаснување.

Ве молам да гласаме.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали можам да кажам каио ќе гласам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не гласаме за одлуката.

Не можете, затоа што не водиме расправа по одлуката.

СТОЈАН АНДОВ:

Само мала процедурална интервенција.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Процедурална може, тоа е друго. Зашто, без расправа го ставаме предлогот за дневен ред.

СТОЈАН АНДОВ:

Господинот Макрадули е координатор на пратеничката група на СДС, пратеник, но не е министер за одбрана. Предлагач на точката е Владата, а претставник е министерот за одбрана. Беше ред да го чуеме министерот дали тој задоцнил со оваа точка, па сега мораме вака тумба д го правиме целиот дневен ред, одлука да ставиме пред законите итн.,

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г-динот Андов.

Само пратениците можат да предлагаат во дневниот ред да има префрлање на точки, понапред или поназад, затоа што и само тие гласаат.

Предлогот на г-динот Јани Макрадули го ставам на гласање.

Гласале 87 пратеници, за гласале 61 пратеник, воздржаано гласале 8 пратеници, против гласале 18  пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на точка 1. - Избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Комисијата

Ве молам службите дневниот ред да го прочистат и да го достават до пратениците.

Предлогот на Комисијата за прашања на избори и именувања на кандидати за потпретседатели на Собранието на Република Македонија, ви е поделен,.

Согласно член 67, став 1 од Уставот на Република Македонија, Собранието избира потпретседатели со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Гласањето за избор на потпретседатели на Собранието се врши одделно за секој од предложените кандидати.

Отворам претрес по предлогот г-ѓа Лилјана  Поповска да биде избрана за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Госпоѓа Елеонора Петрова - Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА - МИТЕВСКА:

Благодарам.

Сметам дека во овој значаен историски момент за жените во РМ, треба да кажам неколку збора за изборот на г-ѓа Лилјана Поповска за потпретседател на Собранието на Република Македонија. Особено, заради фактот што овие денови се одржува и петтата министерска конференција за еднаквост на мажите и жените и тоа токму во РМ и би сакала да кажам дека предлогот за Лилјана Поповска да биде потпретседател на Собранието на РМ, не е случаен, бидејќи жените во Република Македонија во последните некколку години работат многу на само свеста на жените и на нивната политичка еманципација. Политичките партии, невладиниот сектор, македонското женско лоби и координаторот токму Лилјана Поповска, во последните неколку години направи многу за продорот на жените во политичккиот живот. Уште на локалните избори во 2000 година, се успеа да се добијат тројца градоначалници жени, што беше прв пат во историјата на политичкиот живот во РМ, а за парламентарните избори во Законот за избор на пратеници влезе членот, со кој се овозможуваше позитивна дискриминација односно најмалку 30% од обата пола застапеност на листите на парламентарните избори.

На тој начин во парламентот во Република Македонија влегоа 22 жени од кои 16 од коалицијата За Македонија Заедно, чиј претставник е госпоѓата Лилјана Поповска. Се надевам дека со изборот за потпретседател на г-ѓата Лилјана Поповска и со сите овие жени пратеници, ќе се смени начинот на гледање на жените во парламентот, бидејќи тие ќе ја одработат одлично својата улога и дека на некои наредни парламентарни избори ќе имаме уште повеќе жени, а можеби на жените ќе им бидат достапни и последните три функции, кои сеуште се резервирани за мажите, претседател на Собранието, претседател на држава и премиер на Влада.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Караџоски Жарко.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, пред се ме радува што конечно дојде ваква точка на дневен ред, конечно и вие да имате некои заменици, за да можете малку да се раатисате, (по прилепски), бидејќи мислиме дека тешко се води седница по 12 часа и нема кој да ве замени.

Причината зошто се јавив за дискусија, е таа што би сакал да кажам неколку реченици. Навистина, радува податокот, после излагањето на премиерот вчера на онаа конференција на која се залагаше за правата на жените и повеќе учество на

жената во политиката, еве конечно, во историјата на РМ, ќе запишеме дека прв пат ќе имаме потпретседател, жена. Тоа е добро и во секој случај е за поздравување.

Меѓутоа, ние како пратеничка група, за жал, нема да се произнесеме позитивно од проста причина што личноста, на м-р Лилјана Поповска како потпретседател, сепак, се врзува со вториот кандидат, а тоа е Агрон Буџаку, а и заради тоа што истата таа ќе ја обавува функцијата потпретседател заедно со дотижната личност, за која што нешто повеќе ќе кажеме кога ќе дојде тој на дневен ред, ние нема да можеме да ја поддржиме и ќе гласаме против.

Искрено се надевам дека г-ѓата Лилјана Поповска во секој случај нема да и биде лесно, да ја дели потпретседателската функција со Агрон Буџаку, особено, откако ќе слушнете од оваа говорница одредени податоци за конкретниот предлог.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот на пратеникот м-р Лилјана Поповска да биде избрана за потпретседател на Собранието, го ставам на гласање. Предлогот се избира со 61 глас.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 95 пратеници, за предлогот гласале 65 пратеници, воздржани 14, против гласале 16 пратеници.

Констатирам дека пратеникот магистер Лилјана Поповска е избрана за потпретседател на Собранието на РМ.

Госпоѓо Поповска ви честитам.

Отворам претрес по предлогот Агрон Буџаку да биде избран за потпретседател на Собранието на РМ.

Дали некој бара збор?

Господинот Бошковски Љубе.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Почитуван претседателе, дами и господо, почитувани пратеници, должност ми е, гледајќи ја кратката биографија, за разлика од биографијата на госпоѓата Лилјана која е богата и која во секој случај, како што кажа господинот Караџоски, ако не беше поврзана со Агрон Буџаку, дека ќе ја добиеше подршката на ВМРО ДПМНЕ,

сакам да кажам дека оваа кратка биографија на Буџаку е многу богата. Богата со она што го има направено во овие 12 години односно 11 години одсуство од Република Македонија. Агрон Буџаку е човекот, кој беше еден од главните финансиери во националниот фронт за ослободување на Косово, а подоцна гланиот финансиер и човекот кој го водеше Фондот  Татковината повикува во Брисел. Фонд кој во Република Македонија и во Косово, Фонд кој испрати огромни финансиски средства, со кои беа купени 35 илјади парчиња оружје. Агрон Буџаку е соучесник во злосторството кое се изврши во РМ и агресијата во Република Македонија. Господинот  не е оној кој ние сакаме и постојано помогнати од Македонските и светските мас-медиуми треба да го прикажеме во една миротворба, во една друга светлина, во светлина на човек кој и мисли добро на РМ. Човекот кој е одговорен заедно со присутните генерали на ОНА и команданти на ОНА, овде во Македонскиот парламент не може господо да биде потпретседател, да биде трет човек или втор човек во Македонскkиот парламент и во исклучителни тешки мигови и во отсуство на дваицата потпретседатели, односно претседателот и потпретседателот, да донесува важни одлуќи за иднината на Република Македонија.

Мислам дека и кај последниот член на СДСМ за овој предлог ќе проработи совеста. Ќе ги оставиме дневно-политичките интереси, ќе ја ставиме Македонија над се, ќе ја ставиме Македонија над она што се нарекува интерес и она што се нарекува владение. Ако е потребно да се избере албанец, албанци има доволно во Македонија. Во Македонија има Албанци кои партиципираа во претходната власт и кои покажаа како се спремни да го бранат македонскиот суверенитет од позициите на министри во македонската влада и покажаа, исто така, дека се конструктивни и дека без капка крв можевме да дојдеме до она што денес се нарекува Охридски договор, или она што е преточено во Уставот на РМ како заклучоци кои произлегуваат и проекти, системски закони кои се донесени врз основа на Охридскиот договор.

Затоа, издвојувајќи ја госпоѓата Лилјана ве повикувам да не гласаме за Буџаку, да се одржи уште една седница, да се произнесат СДСМ за овој предлог, имајќи предвид, исто така, дека против Буџаку, во Брисел, во Белгија се водат 11 кривични дела, за него има 11 кривични пријави и не е Буџаку она што вие упорно сакате да го прикажете овде пред македонската и пред светската јавност.

Сигурно, овој предлог треба да се одложи и на еден поконструктивен начин да се пронајде човек, кој ако можеше да се ескивира за Хисни Шаќири, кој во однос на Буџаку е еден обичен извршител и командант на УЧК, тогаш неспоредлив е

предлогот тоа да биде Буџаку, финансиерот и соучесникот во злосторствата над Албанците и над Македонците, над Србите и другите кои живеат во РМ. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на г-дин Љубе Бошковски.

Господинот Хусеин Џеват има 3 минути реплика.

ХУСЕИН ЏЕВАД:

Со голема аверзија го слушнавме господинот пред нас. Јас лично не бев во редовите на УЧК и јас се гордеам со овие луѓе и ги сметам како борци за неделива Македонија. Ние не бевме оние кои што донесовме карти за поделба на Македонија, па затоа сметам дека тука имаме борци за заедничка Македонија. Вчера на еден начин, денес на еден поинаков политички начин и тој консензус е постигнат со Охридскиот договор. Секое спомнување на вчерашниот ден е обид агонијата на оваа држава да продолжи. Мислам и имам надеж дека во овој парламент ќе се говори во сегашно и во идно време. Минатото е навистина лошо и имаме штети од минатото.

Затоа, апелирам да знаеме, мој впечаток е дека имате работа со извонредни луѓе кои вие добро не ги познавате. Кога ќе ги запознаете подобро нема да ги имате овие мислења што ги имате сега. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Адеми Абдулаху сега има реплика исто три минути.

АБДУЛАХУ АДЕМИ:

Ви благодарам господине претседателе, јас му благодарам на претходниот говорник, кој што беше на говорницата за информациите што ги има дадено за нашиот кандида, бидејќи беа извонредни, затоа што половина од Албанците не ги знаеле овие подтоци. Сите овие подастоци треба да бидат на минатото, да останат во минатото, и сите да се свртиме напред, кон иднината.

Вашиот говор е во рамките на политички маркетинг што е многу јасно. Жал ми е, ги нема слушалките слушателот да ги слушне овие зборови, во моментов Буџаку е во Брисел и не е точно дека против него се подигнати обвиненија. Да било така, тој во моментов не би бил во Брисел.

Зборовите тероризам и слични зборови треба да ги заборавите, господине, бидејќи не придонесуваат за иднината на Македонија. Тие зборови му припаѓаат а минатото. Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Асани Фатмир.

АСАНИ ФАТМИР:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Демеска меѓу другото зборуваме и за изборот на двајцата потпретседатели на Собранието на Република Македонија. И во овој случај овој избор ќе биде од страна на партиите кои што го сочинуваат парламентарното мнозинство.

За наше изненадување, овој избор доаѓа по три месеци од конституирањето на овој состав на Парламентот. За цело време пошироката јавност во Република Македонија имаше прилика да слушне за изјавите на партнерите во коалицијата, Владината коалиција и на медиумите околу изборот на потпретседателот.

Овој пат се случи еден непотребен проблем изборот на еден од двајцата потпретседатели. Значи на оној потпретседател албанец, кој што и припаѓа на ДУИ. Овој политички субјект учесник во Владината коалиција, најпрвин излезе со предлог потпретседател на Парламентот да биде Хисни Шаќири. Но како што ќе изрази во еден случај и самиот кандидат Шаќири, противењето на неговата кандидатура од страна на СДСМ на Бранко Црвенковски ги разниша случувањата во ДУИ. Ова се виде многу јасно, народот вели селото што се гледа нема потреба да има кауза да се влезе во него. Не помалку од три месеци јавноста очекуваше што ќе се случи со овој политички субјект.

Во казанот на овој голем срам три месеци се вареше целосно она за да се изнесе со еден нов кандидат, кандидат кој што беше сигурен, а потоа да биде избран, или да биде заменет со еден друг кандидат, кој што му одговара на Црвенковски и на кликата што се наоѓа во владеење на земјата.

Социјалдемократите условуваат во врска со она што значи партнеритет во коалицијата. Црвенковски има право на власта да донесува луѓе кои што атакувале, бомбардирале и тероризирале едно население албанско, да речеме во Куманово, во Скопје и во Тетово. Ова право им го негира на партнерите албанци во Владата. Значи ова ли е демократија, или пак ова е контролирана демократија. Диктаторски се однесува до прстот на Црвенковски доаѓа со една иста содржина. Тоа вели дека на него му требаат само аргати, луѓе, кои што треба да му го исчистат дворот. Црвената линија на Социјалдемократите не смее да ја згазне ниту партнерот албанец од коалицијата. Значи нам ни е јасно колку е болно за македонската власт, или за македонската страна во коалицијата, разните кандидатури на разните делови од коалицијата кои што до вчера беа членови на УЧК, измените и усогласувањето на

законите во однос на Охридскиот договор и друго Социјалдемократите не ги дадоа само тогаш кога албанците требаше да бидат извлечени и беа исфрлени од работата, за да бидат заменети со македонци. Оваа е власта на СДСМ и ДУИ. Ова е срам и трагедија за времето во кое што живееме. Ви благодарам г. претседателе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Спасов.

ЃОРЃИ СПАСОВ:

Парламентарната група на СДСМ ќе го поддржи предлогот за потпретседател да биде г. Агрон Буџаку. Ние ќе го поддржиме предлогот за потпретседател на Собранието да биде г. Агрон Буџаку, затоа што Демократската партија за интеграција е наш коалиционен партнер во власта и затоа што со тоа партијата која за време на последните парламентарни избори го доби двотретинското мнозинството од вкупното албанско население во Република Македонија.

Тоа што сега во овој момент не му се допаѓа на г. Асани и со тоа што многу повеќе би го преферирал во власта г. Љубе Бошковски, тоа е проблем на опозиционите партии во власта.

Од друга страна, ние како политичка партија немаме било каква причина да веруваме во експлозивните информации, со кои што само лично располага г. Љубе Бошковски и кој што на оваа говорница ги изнесе, затоа што голем број од неговите експлозивни се лични информации со кои што самиот тој располага, досега се покажуваа како ноторни лаги и ширење на целосни дезинформации на земјата. Така беше случајот деновиве во објавувањето на тие 500-600 муџахедини и илјадници терористи кои што само чекаат да ја нападнат Република Македонија, така беше случајот со пакистанците, така беше случајот со голем број дезинформации пласирани од овој господин, кој што всушност, потикнуваше воена атмосфера и воена психоза во Македонија.

Република Македонија со оваа политичка коалиција, со промената на начинот на дејствување во политиката се движи не кој процес на политичка изолација на било кој политички субјект во земјата, туку во процес на политичка интеграција. И изборот на г. Агрон Буџаку го сметаме само за уште еден чекор во натамошниот процес на политичката интеграција во Македонија и претставувањето на Македонија како сериозен политички субјект во Меѓународната заедница, на кој

што ќе може да му се верува и кое што учество во Меѓународната заедница, навистина ќе биде почитувано.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Фатмир Асани бара реплика.

Имате три минути реплика.

ФАТМИР АСАНИ:

Сакам да му кажам на господинот дека ниту еднаш не би сакал Љубе Бошковски да стане албанец. Но јас реков дека вие ја деригирате целосно ДУИ и велите на ДУИ дека овие луѓе ни требаат за Влада и овои луѓе ќе ги избереме во Владата. Значи, три месеци вие разговаравте меѓу себе само и само Хисни Шаќири да не стане потпретседател на Парламентот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има реплика г. Ѓорѓи Спасов.

ЃОРЃИ СПАСОВ:

Господине Асани, г. ЉУбе Бошковски беше вашиот омилен коалиционен партнер со кој што вие бевте во Владата и ги градевте релаксираните меѓуетнички односи, кои што доведоа до војна во оваа држава. Тоа е во однос на вас и тоа ваш проблем.

Што се однесува до она што нас не обвинувате колку што ни е познато нам и на целокупната јавност во ова Собрание никогаш не сме добиле официјален предлог, господинот Хисни Шаќири да биде потпретседател на Собранието и никогаш јавно тоа не сме го одбиле.

Вашите замисли за тоа дека се води политика на уценување кон ДУИ оставете ни ги да ги решаваме ние во рамките на нашите коалициони односи. Бидете убедени дека во рамките на тоа коалицирање ќе постигнеме многу повеќе од она што Демократската партија на албанците го постигна со наводното релаксирање на меѓуетничките односи кога дојде до општа криминализација во земјата и до војна што едвај излеговме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има г. Кралевски реплика на г. Спасов.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Не е тоа реплика, повеќе е обрнување внимание на вас како претседавач на оваа седница во иднина да ги прекинувате дискутантите кои ќе се обидат да дискредитираат некоја личност, или свој колега кој припаѓа на опозицијата, бидејќи г. Спасов излегувајќи по повод репликата на г. од ДПА се произнесе за г. Љубе Бошковски, односно изнесе теза дека господинот Љубе Бошковски е тој што кажува, паушално, непроверено, а тоа не беше предмет на дискусија на оваа седница за тие некои написи со дневниот печат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Ѓорѓи Трендафилов. (Се откажува).

Има збор господинот Џевдет Насуфи. Десет пати се исклучивте и вклучивте.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Кај мене е развиен инстиктот и тоа е причината.

Почитувани пратеници, почитуван претседателе,

Вистина е дека по три месеци повторно и конечно дојде на дневен ред прашањето за избор на потпретседатели на Парламентот, кој во хиерархијата на државата имаат своја тежина од аспект на организациона и структурална и функционална улога. Но мислам дека не треба да предизвика толку прашина, бидејќи не е таква тежината на крајот на краиштата тие се само помошно тело на претседателто на Парламентот. Се разбира, е добра политичка волја на субјектот што ги предлага и тоа треба да се почитува и јас тоа го почитувам дека на крајот на краиштата коалицијата во случајов Владината коалиција, ДУИ се определи за својот кандидат и тоа е во ред. Но треба да се соочиме со една реалност, што за жал, негативна, која што преминува во континуитет и изјавата на претседателот на Парламентот е во улога на пратеник, или пак во улога на член на СДСМ, тоа не ми е јасно, но нема никакво значење дека македонскиот народ многу болно ќе го проголта предлогот Хисни Шаќири да стане потпретседател на Парламентот станува реалност во негативна конотација.

Јас го поставувам прашањето, едно многу практично прашање всушност како го преживеа албанскиот народ што нема потпретседател на државата, да речеме не можеше да се избере за надворешни работи, не можеше да се избере дека министер за внатрешни работи, не можеше да се избере министер за одбрана. Јас сум длабоко убеден дека македонскиот народ треба да го проголта она, доколку имаше на вашето место Албанец претседател на Парламентот тоа ќе беше демократија, не само заради соживот, туку демократија за заеднички живот,

така ќе го дадовме испитот дека вие како влада, која што како една длабока безбедност на воена криза што се случи во Македонија, затоа за мене е неоправдано селекционирање, односно негативно селекционирање или позитивно на албанските кадри во извршната власт во законодавниот дом или во судовите кои се импонираа од причини кои што не се оправдани за мене, бидејќи тука станува збор со пратеници со истоветни права, со ист статус итн.

Затоа, ние го сметаме како легитимно да се избере потпретседател, но процедурата верувајте, и политички, но и практично беше и е многу штетна и не би посакал да се повтори.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има реплика г. Љубе Бошковски.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Сакам само да кажам дека се она што го изнесов и како министер за внатрешни работи и сега од позиција како пратеник стојам зад се она што сум го кажал и за сите постапки за изречената мисла.

Не можам да се согласам со овие клевети кои дојдоа од господинот Ѓорѓи Спасов дека јас сум некаков учесник во поделбата, притоа заборава дека и на последниот Македонец му е јасно кој ја договори војната во Република Македонија и кој сега коалицира со носителите на кризата и на војната во Република Македонија.

Вториот момент дека јас се зборувам напамет е книгата која ја издадовме за злосторствата на т.н. ОНА, книга која може на г. Ѓорѓи Спасов да му развие нови видици. Очигледно г. Ѓорѓи Спасов е запрен во некое друго време и постојано научен уште од времето на Кумровец да продава демагогија во Македонскиот Парламент. Јас за се што кажав стојам, а ако на г. Ѓорѓи Спасов не му е јасно треба во новата Влада на г. Црвенковски да се разјаснат термините на тероризам. Еден министер вели налудничави и кукавички чин, друг министер вели дека во Република Македонија гледаме урбан тероризам. Јас не знам што требаше да се случи на г. Ѓорѓи Спасов да му биде јасно дека денеска се бира овде потпретседател кој неодговара на она што треба да го штити уставно-правниот поредок и да зборува за интересите на Република Македонија. Овде г. Спасов изнесе многу лаги, најенергично тие лаги ги отфрлам и спремен сум да седнам со него и да разговараме, иако не го заслужува моето внимание.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Ѓорѓи Спасов.

Имате една минута.

ЃОРЃИ СПАСОВ:

Секако дека не го заслужувам вниманието на г. Љубе Бошковски, меѓутоа се надевам дека ќе го заслужам вниманието на јавноста и на оние кои што сакаат да веруваат во вистината. Јас сум длабоко убеден дека Љубе Бошковски стои зад сето она што го реков, меѓутоа, дека неговите лаги ги демантираат перманентно сите надлежни институции во земјата и сите меѓународни институции во земјата, меѓутоа, тоа најверојатно дека на човекот што стои зад своите екстремистички ставови, ништо не му значи.

Што се однесува пак до времето во кое што јас сум застанал, сакам само да му порачам на г. Љубе Бошковски дека неговото време и времето на таквите како него одамна е поминато во оваа земја.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Добро ви е познато поради конструктивноста и бидете сигурни дека ќе ја одржам оваа конструктивност. Мој дел е да кажам неколку зборови во овој случај дека доколку сакаме да градиме систем на либерална демократија кој што засега е најуспешен систем во Европа, но и пошироко дека тогаш би било добро да ги почитуваме неколку критериуми и правила заради практицирање што на декларативен начин го велиме одиме од денес натаму значи кон интегрирање во Европа и во НАТО.

Јас ова го кажав за да ги потсетам неколку колеги овде кои што јас кога не се согласувам со нив ги почитувам и ги слушам на еден многу умерен начин како претставник на ПДП ние доколку започнеме да се занимаваме со минатото на еден или на другиот како колеги, секоја политичка групација ...

Значи, го стави дискутабилно другото што се однесува во однос на минатото како политичка групација, бидејќи една групација може да рече не добро ова за некој си колеги бидејќи тој некогаш бил комунист, па другиот ќе го нарече дека бил марксист или ленинист, третиот ќе рече дека бил врховист, балист и тн. и така натаму.

Значи, доколку навлегуваме во овие прашања и доколку почнеме да даваме квалификации во однос на минатото, една работа е битна, оваа работа не можеме да ја оправиме, да ја корегираме, мислам на минатото.

Мислам дека и премиерот во своето експозе при формирањето на Владата рече за тоа, па и затоа сега треба да расчистиме самите со себеси. Зборовите што ги искажуваме тука ги кажуваме само за да ги кажеме и да го задоволием во моментот својот електорат и да продолжи сиромаштијата и лошата состојба во Македонија или пак да започнеме да почитуваме некои принципи, некои правила кои се докажале во државите со кои ние сакаме рака под рака да одиме. Тоа беше пример во однос на вчерашниот ден меѓу Германија и Франција и доколку вак ги гледаме работите, тогаш треба да ги почитуваме кандидатите што ги предлагаат партиите и госпоѓа Лилјана Поповска и господин Агрон Буџаку.

Колку и да сакаме ние од другите политички групации да кажуваме други зборови за нив, на крајот на краиштата треба да знаеме дека треба да го почитуваме предлогот на партиите што го предложиме тоа, кои што во овој момент се мнозинство во парламентот. Доколку е тоа така, секое поинакво политикување во однос на нивната личност со негативна конотација верувајте во истиот момент сето тоа ќе се сврти против нас, што значи личност. Мислам дека така треба да се учиме да ги гледаме работите, особено кога се предлагаат кандидати, во случајот за потпретседатели на парламентот кои во овој момент се и наши колеги. Ние ќе ги оценуваме за нивната работа, тоа го имаме како право и во иднина според работата, активноста што тие ќе ја имаат, ќе ја дадат, ќе ја извршат како кандидати, ние да ја оценуваме нивната работа и така да преземаме активности, кои ги имаме и според Деловникот. Значи, критериумите во иднина да ни бидат да ја оценуваме нивната работа, од денот кога тие ќе бидат избрани.

Јас знам дека некој ќе каже дека можеби имам задача да ја смирам моменталната ситуација овде, но овие мислења и овој мој настап подолго време го практикувам во овој стил, во оваа форма и јас мислам дека јавноста во овој случај и во овој момент, што е мнозинство само на начинот на мислењето ќе го прифати сето ова.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Преминуваме на гласање.

Предлогот Агрон Буџаку да биде избран за потпретседател на Собраниесто на РМ го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 86 пратеници, од кои за гласале 66, воздржани 2 и против 18.

Констатирам дека пратеникот Агрон Буџаку е избран за потпретседател на Собраниесто на Република Македонија.

На господин Буџаку му честитам во мое име и во ваше име.

Ве известувам дека заради службено отсуство на господинот Буџаку токму во Брисел свечените изјави потпретседателите ќе ги дадат на наредната седница, наредниот четврток на 30-ти.

Минуваме на точката 15 од дневниот ред.

Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Да не помине без дискусија една важна одлука, затоа што за прв пат Република Македонија ќе исправи единици на Армијата на Република Македонија во една мировна операција сакам да дадам само неколку податоци и да излезам во пресрет и на љубопитноста на господинот Андов кој сакаше нешто повеќе да знае за сето ова.

Република Македонија од 29 јули 2002 година преку потпис на поранешниот министер за одбрана има потпишано Нота за пристапување кон Меморандумот за разбирање на меѓународните сили кои се дел од безбедносната подршка на Авганистан на Мисијата ИСАВ 3.

Досега поручникот Наков и капетанот Јанев во периодот од 16 август минатата година до 26 декември минатата година учествуваа како дел од турскиот контингет во мировната мисија во Авганистан. Тогаш не беше потребна одлука на Владата и посебна одлука на парламентот затоа што министерот за одбрана согласно своите надлежности има можност да испраќа поединци во вакви единици.

Во моментов поручникот Пачемски и капетанот Угрев исто така се дел од турскиот контингент во оваа мировна мисија, но во меѓувреме со напорите што ги направи Владата, пред с# Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана и претседателот на држават создадени се неопходните предуслови кои пред с# беа од финансиска и лобистичка поддршка да бидеме дел од контингентот на Германската армија. Почнувајќи од фезвруари оваа година да промовираме едно

наше пешадиско одделение. Тоа значи 10-тина наши војници ќе бидат дел од мировнит сили во Авганистан, за прв пат и мислам дека ќе ја оправдаме довербата и ќе дадат свој придонес во изградбата надемократијата во поствоениот Авганистан.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по одлуката.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеника, од кои 79 гласале за, воздржано 1 и 2 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.

Во мое и во ваше име им честитам и им посакувам успешна мисија во Авганистан.

Минуваме на точката 2.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на закон и извештаите на работите тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Согласно член 122 став 2 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со 2/3 мнозинство од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор господинот Бучковски, министер за одбрана.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пред вас се наоѓаат измените и дополнувањата на Законот за одбрана кој верувам дека ќе наидат на поддршка од вас пратниците. Причините заради кои сметаме дека треба да го донесеме овој закон се три.

Од нив една е најбитна, а тоа е степенот на реформите кои во овој момент ги има постигнато Република Македонија во делот на реформите на Армијата на Република Македонија и бројот на професионалните војници кои во овој момент ги има Република Македонија, а таа бројка е близу 3000 која овозможува да ги видиме и првите погодности или првиот бенефит од оваа реформа која во краен случај ќе биде на товар на сите граѓани на Република Македонија, на сите даночни

обврзници. Тоа е намалувањето на воениот рок од 9 на 6 месеци на оние кои служат со оружје, односно од 14 на 10 месеци на оние кои го користат правото на цивилно служење на воениот рок.

Верувам дека оваа клучна причина заради која се пристапува кон измена на законот за одбрана ќе придонесе за ослободување на дополнителни средства, односно заштедување до 2006 година близу 5 милиони евра, кои ќе бидат искористени за натамошно забрзување на реформите на Република Македонија посебно во делот на модернизацијата како втор клучен сегмент за оваа реформа.

И, она што е наша проценка, кога го подготвивме ова и кога го пуштивме во владина процедура дека ќе влијае позитивно на мотивирањето на младите граѓани на Република Македонија да се јават на отслужување на воениот рок. Оваа наша проценка се покажа како точна. Показателите се егзактни и покажуваат дека одзивот на оваа јануарска класа која што е по одлуката на Владата дека ќе го поднесе овој предлог на парламентот беше обелоденото во јавностас, се покажа како многу успешен потез, затоа што 72,75% од повиканите регрути за отслужување на воениот рок се одзваа позитивно. Тоа е драстично зголемување во споредба со јануарскат калса од минатата година, кога само 34,87% од повиканите се одзваа на отслужувањето на воениот рок. Оние кои подобро ги познаваат работите во Армијата знаат дека јануарската класа е една од најмалку популарните класи, секогаш имало проблем со одзивот. Овој јануари е рекорд во последните неколку години во споредба со сето она што го имаме како показател.

Вториот битен елемент кој требаше да се испочитува со овие измени на Законот за одбрана е одлуката на Уставниот суд кој го поништи ставот 1 од членот 10 од Законот за одбрана кој се однесува на приговорот на совеста, односно слободата на совеста и начинот за овие кои не го служат воениот рок со оружје во рака, го користеа институтот цивилно служење на воениот рок. Затоа, во Законот се вметнати и овие измени.

Тратата причина за донесувањето на овие измени е имплементацијата на Рамковниот договор во делот на децентрализација на дел од надлежностите кои до сега ги имаше државата на централно ниво во поглед на искористувањето на силите на цивилната заштита. Со овие измени се допрецизираат релациите помеѓу државата и единиците на локалната самоуправа и сите јавни претпријатија кои исто така се дел од единиците на штабовите на цивилна заштита.

Во преодните и завршните одредби на овој закон се регулира и актуелното прашање околу состојбата со затечените војници кои се наоѓаат на отслужување на воениот рок.

Децидно во измените на законот е регулиран статусот на јануарската класа и законодавецот, односно предлагачот предлага отслужувањето на воениот рок и за јануарците да биде 6 месеци.

Во последен момент прифаќајќи го амандманот на пратеникот Жарко караџоски, кој не помина на ЗПК, но дополнет стана составен дел на законот. Тоа е амандманот кој вели дека на регрутите упатени на отслужување на военито рок во Армијата на Република Македонија со оружје или без оружје, односно во цивилна служба во месец, не само октомври како што предложи пратеникот Караџоски, туку во месец јули и октомври им следи скратување на воениот рок од месец дена.

Верувам дека не само заради ова, туку заради степенот на конструктивноста што беше најавена и од опозицијата, овие измени и дополнувања на овој закон за кои е потребна 2/3 поддршка од парламентот ќе наиде на поддршка и од опозицијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Господин претседателе, почитувани пратеници,

Од самиот почеток би сакал да ве запознам дека овој предлог закон ќе го поддржам. Причините кои ме наведуваат да го подржам овој предлог се следните.

Прво, сегашниот закон е усвоен во јуни 2001 година што претходи на периодот пред Охридскиот договор и уставните промени.

Второ, одредбите на членот 20 алинеја 1 со одлука на Уставнио суд е поништен. Таа одлука на Уставниот суд наметнува да го промениме соодветниот член.

Трето, одредбите на предлогот на законот се олеснителни за граѓаните. Конкретно се скратува воениот рок од 9 на 6 месеци за служба од оружје и од 14 на 10 месеци за служба без оружје, било во армијата било во цивилната служба.

Другата причина е дека одредбите на законот се во согласност со намерите за зачленување во НАТО.

Петта причина е што ќе овозможи правична застапеност во Армијата, било во офицерскиот кадар било во војничкиот состав.

Овие измени на законот се во согласност со уставните промени и одредбите од Рамковниот договор од Охрид кој не обврзуваат сите закони кои следат да бидат во согласност со овие документи.

Анализирајќи го постојниот закон и одредбите на предлог законот кој денес е на дневен ред дојдов до заклучок дека овој парламентарен состав ќе треба да иницира решање на еден проблем кој со години претставува товар на нашето општество.

Еден релативно голем број граѓани, над 18 илјади кои од многу причини не го завршиле воениот рок, а кои веќе наполниле 27 и повеќе години е прашање кое треба да се реши.

Имајќи ја предвид тенденцијата за професионалиција на Армијата и намалувањето на регрутите на контингентот на регрутите предлагам Владата да создаде позитивна политичка клима и на парламентот да предложи можно решение на овој проблем кој се појавува пред нас.

Верувам дека сите ќе имаме многустрана корист од ова решение.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници,

Пред нас се наоѓа еден законски проект кој не е ниту важен, ниту обемен, но по мое длабоко убедување доста значаен.

Со овој предлог за донесување на закон за изменување и дополнвување на Законот за одбрана, со Предлог на закон, Република Македонија искажува јасна политичка борба за забрзување на процесот на интегрирање во евроатланските безбедносни структури.

Со овој законски проект непосредно по Прашкиот самит кога не се најдовме во групата на земји кои добија покана да пристапат во НАТО и покрај тоа што бевме свесни дека  евентуалниот позитивен исход за нас може да биде само врз основа на гола политичка одлука во услови кога по основ на сите критериуми и мерила сме далеку од стандардите кои владеат во евроатланските безбедносни структури јасно покажуваме дека не сакаме да седиме по страна и да се жалиме дека сме жртва на околностите или на недостатокот на силни лоби пријатели, туку дека сакаме максимално да ја интензивираме реформата на нашите вооружени сили во правец на нивно преструктуирање според нормите, критериумите и стандардите на НАТО.

Овој законски проект всушност е дел од годинашната национална програма за 2002/2003 година за членство во НАТО алијансата. Јас морам да истакнам дека на

седницата на Комисијата за одбрана и безбедност од страна на претставниците на опозицијата беа искажани одредени резерви кон овој закон со барање за негово одложување и тоа не кон решенијата кои се предмет на овој закон туку во однос на неговата наводна сиромашна елаборација во однос на се позачестените шпекулации во јавноста за наводното намалување на борбената, а посебно на на огнената моќ на нашата армија.

Во однос на ова уште еднаш ќе го повторам својот став дека нема место за било какво одлагање на овој законски проект, бидејќи во него се предлагаат решенија кои се однесуваат на живата сила која многу малку влијае врз одбранбената моќ на една армија. Уште повеќе што решенијата содржани во овој закон се општо прифатливи и неспорни поради слденото:

Во Законот се предлага намалување на времетраењето на служењето на воениот рок со оружје од 9 на 6 месеци, односно намалување на времетраењето на служењето на воениот рок без оружје во Армијата или во цивилната служба од 14 на 10 месеци. Ова е во согласност со трајната определба на Република Македонија за поголема професионализација на армијата за изградување на мала, но добро обучена, добро опремена и добро вооружена професионална војска која ќе биде носечки елементи на системот на одрана и безбедност на земјата.

Поради ова јасно се наметна потребата од згомемување на бројот на професионалните војници и истовремено намалување на бројот на војници регрути.Намалувањето на бројот на војници регрути е во согласност со националната стратегија за прилагодување на бројот на мирновремениот состав на Армијата според современите стандарди кои важат за вооружените сили посебно за оние кои се применуваат во земјите членки на НАТО Алијансата а според кои миротворниот состав на нашата армија од сегашните 16.000 до 2007 година треба да се сведе на 12.700 односно бројот на војници регрути од сегашните 5.000 до 2007 година да се сведе на 2.700.

Освен ова шест месеци се повеќе од доволни за квалитетна и сеопфатна обука на младите луѓе и нивно ефикасно приведување во резервниот состав. Нивниот натамошен престој во касарните претставува чист материјален трошок. Според проценките на Министерството за одбрана само до 2006 година на овој начин ќе заштедат 294.360.000 денари средства кои можат да се употребат за подобрување на обученоста и опременоста на професионалниот состав.

Уште еден аргумент кој оди во прилог на намалувањето на воениот рок е фактот дека со тоа значително ќе се намали евазијата односно одбегнувањето на

обврската за служење на воениот рок кај младите луѓе односно ќе се зголеми нивната мотивираност.

Вториот сегмент на измената и дополнувањето на Законот за одбрана кој се предлага со овој закон се однесува на неговото усогласување со уставното начело за неограничување на слободата и правото на индивидуата. Во дадениот случај со предложените измени се проширува можноста за искористување на институтот приговор на совеста од страна на воениот обврзник поради морални и верски причини во сите фази на воената обврска како регрут, војник и воен обврзник во резервниот состав. Наместо досегашното решение кое предвидуваше одреден преклузивен рок само за регрутите. По истекот на тој рок се гасеше правото да се реализира приговорот на совеста со што се ограничуваше слободата за промена на уверувањето.

Третиот сегмент од Законот за одбрана кој е предмет на изменување и дополнување со овој закон се однесува на поблиско разграничување на надлежностите на Владата и Министерството за одбрана во делот на силите на цивилната заштита што ги формира Републиката во однос на силите на цивилната заштита, што ги формираат трговските друштва, јавните установи и служби и единиците на локалната самоуправа.

И во овој дел ништо не е спорно, напротив, само јасно се разграничуваат правата и обврските. Имајќи го сето ова во предвид дозволете ми да го искажам ставот на Пратеничката група на Либерално-демократската партија која во целост ќе го поддржи овој законски проект.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Голомеов.

Збор има господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Точно е претставниците од редовите на ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија во комисиската расправа искажаа одредена резерва во поглед на образложението кое два пати го слушнавме и што се однесува до мене јас и понатаму мислам дека образложенијата се сиромашни, но би сакал да потсетам дека станува збор за измена и дополнување на Законски проект од системски карактер за Република Македонија. Добро беше кажано дека навистина претставува дел од нашите партнерски односи за периодот 2002/2003 годинаи би сакал да потсетам дека токму во минатиот период кога се донесуваше овој закон за чија измена и дополнување сега зборуваме исто беше потребно двотретинско мнозинство, но тогаш не го

слушнав овој тон од тогашниот состав на пратениците на СДСМ значи тие направија се што беше во нивна моќ како пратеници го одложија донесувањето на Законот за одбрана за безмалку половина година и ние го донесовме во 2001 година, но за среќа пратениците од редовите на ВМРО-ДПМНЕ и Либралната партија не размислуваат на тој начин иако, како што реков, ги задржувам резервите во поглед на образложението и тие сепак ќе бидат предмет на дискусија на некоја од седниците на Комисијата за одбрана и безбедност и овде на пленарните седници и ние, бидејќи станува збор за важен системски законски проект ќе бидеме живо заинтересирани што се случува во измените во иднина  и секако дека во поглед на нашата определба која е искажана во периодот 1998-2002 година ќе ги поддржиме измените, но со право како што забележа претходниот дискутант го задржуваме правото  за оние резерви кои ги кажавме на Комисијата дека ќе разговараме и во иднина.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, колеги пратеници, Се јавувам од една единствена причина сакам овде од оваа јавна говорница да изразам благодарност до министерот за одбрана што го прифати мојот став односно амандманот што го поднесов на Законодавно-правната комисија. Текстот на тој амандман го слушнавме и добро е  што Владата го прошири во делот на кој јас предлагав од октомври односно од јули месец тоа јасно укажува дека ВМРО-ДПМНЕ во секој случај е конструктивна опозиција и токму начинот на кој дискутиравме и на Комисијата и сега овде одеше во тој контекс да се добие добар текст на закон онаков каков што на сите регрути би им одговарало во овој момент, а и целта оние што ги наброја министерот оние три цели со кои сакаме да постигнеме овој закон да се оствари онака како што треба.

Значи не треба веднаш од почетокот како што кажа колегата дека опозицијата секогаш правела контра ставови, сме имале и добри намери, сме укажале на нешто што треба да биде прифатено и ме радува што тоа се прифати.

Уште еднаш благодарност и се надевам дека и понатаму ќе даваме конструктивни предлози и Владата ќе ги прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Караџоски.

Има збор господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, господа министри, господа пратеници, сигурно е дека Либералната партија ќе го поддржи овој закон со измените, но сигурно е дека треба да кажеме некои водиувања кога станува збор за принципите и принципиелностите.

Кога станува збор за принципи и приципиелности ги толкуваме на свој начин како во дракстор затоа што еднаш кога сме на власт зборуваме едно, кога сме во опозиција друго и така во континуитет.

Она што стои позитивно во овој закон сигурно е дека и при самото воведно кажување на министерот дека добар дел на регрутниот состав ќе се зголеми , сигурно дека ќе бидат поставени некои моменти дали ќе се намали борбената готовност на Армијата, но ако тоа го кажуваат стручни и ком;петентни луѓе да веруваме. Секогаш на ови простори постои некое но, но ние живееме на Балканот и секогаш постои опасност и добар дел од ншите пратеници кои дискутираа да го заборавиме минатото пу, пу не важи, туку ќе отвориме нова страница во историјата и на демократијата и на живеењето овде во Македонија, но незнам дали е дака во реалноста и ден денеска стојат отворени многу прашања, па нека се направи некој анкета кај граѓаните да се види каква е безбедноснаа состојба во Република Македонија сигурно не е таква како што ќе кажат добар дел новинари или новинарски куќи затоа секогаш постои резерва, затоа што ни е многу свежо она што ни се случуваше минатата година, имавме војна во Република Македонија и дали нкој гарантира дека со ова ќе се надмине оваа ситуација. Сигурно овој закон ќе го прифатат сите млади луѓе затоа што делува стимулативно,се намалува воениот рок на 6 месеци, за оние кои од морални и верски причини не сакаат да земат оружје и на тие ке се намали и пак се поставува прашање дали спрема се она што ќе го направиме идејата за аспирација во НАТО стрктурите да бидем реални ние сме далеку од НАТО. Сигурно не снимаат не скенираат дај боже уште наредната година да влеземе во НАТО структурите, но да бидеме реални многу бавно одат овие работи во Македонија не од сега, туку многу назад и она што е наша желба да се имплементираме во НАТО структурите ќе биде тешко иако исполнуваме многу услови, она што треба да се прави реформа во одбраната сигурно дека јас сум против за отстранување на офицерскиот кадар каде станува збор за повеќе стотици

офицери. Ако треба да се води политика дека треба да се примат албанци сигурно не сум против, нека се држат за некои критериуми и стандарди, но не можам да не реагирам на ова што ни се случува вчера. Не можеме да доведеме во Македонија македонци да вперат оружје на македонци. Не можат лавовите да висат и на никого да не му е гајле за лавовите. Не може тие што беа во првите борбени редови кои лежеа еден до друг, не може македонци на макдонци да дигнат оружје. Овде сите носат одговорност. Оваа ситуација со лавовите мора да се надмине. Таму се илјада и нешто луѓе а со поддршка може ќе дојдат и резервниот состав 3.000 луѓе и едните и другите со оружје. Сите структури носат одговорност во оваа држава. Кој може да се изземе од оваа ситуација. Кој има алиби. Ова е голема хипотека за сите нас. Треба приоритет да се надминат состојбите со лавовите и ако сакаме да се имплементираме, зборувам сега за НАТО, структурата на лавовите и ако сакаме да се вклопиме во европските текови што значи има решение за лавовите со трансформација на полициските снаги како што е секаде во светот да се обезбедува границата што значи да се растеретат една до две бригари од војската, да се имплементираат лавовите за чување на границите. Немој да ни се случи она што ни се случи за време на војната татини мази од разни провиниенции кои требаше да одат да служат, односно на кои им беше должност да ја бранат Македонија заминаа на одмор кој во Грција, кој на Флорида и незнам каде. Дај боже никогаш да не се повтори тоа што ни се случи. Но не верувам, ова е Балкан, а на Балканот секогаш имало турбуленции, секогаш има аспирации за големи и мали држави. Нашата историска неправда е што сме мали, што секогаш ќе слушаме она што ќе ни кажат и тоа што сакаме да го сочуваме. Само со единство на Македонците. Да не звучат овие зборови како класична демагогија не може да се дозволи да дигнат оружје тие луѓе што беа во првите борбени редови кои со денови седеа и делеа леб и животите ги дадоа за безбедноста на Република Македонија, едни на други да дигаат оружје, тоа не може да се дозволи. Нема цена на оправдување, нема цена на одговорност на било кој , туку да се најде решение да се надминат состојбите оти има место каде да се имплементираат. Со преговори, да не дозволиме да ни се случи ситуација затоа што ќе носиме одговорност на душа Македонци да пукаат едни на други, зарем до таму дојдовме.

Друг момент, пред многу години мојата идеја беше ова што денеска го потенцираше министерот. Кога зборувавме за законот односно иницијативата приговор на совеста некои пратеници се смееја, но да не се враќаме на минатото, идејата беше моја, јас бев еден од подносителите на Законот тогаш се смееја дека

не може да се скратува еве Уставниот суд го поништи, значи таа идеја што пред многу години сум ја кажал тогаш беше смешна и тоа во функција. Ова да биде еден позитивен импулс, а многумина пратеници албанци велеа да плукнеме на минатото, да заборавиме, но што да заборавиме кога ситуацијата не е релаксирана . Раселените лица си стојат, дека ќе се контролира границата, не се контролира, дека ќе се вратат мешовитите полициски сили во кризните региони. Граѓаните се излажани. И вие  треба да делувате. Едно зборуваме тука пред оние што доаѓаат од запад а друго работиме, а трето се случува. Сите ја носиме одговорноста. Сигурно мојата заложба беше да се скрати не 30 јас сум за 60 дена за сите класи затоа што ако има расположение кај сите политички партии да се донесе овој закон со сите измени, да се скрати не 30, јас сум за 60 дена за сите што се во јунска, јануарска класа и незнам која и сигурно ќе биде импулс повеќе сите млади луѓе да не се во функција да бегаат, да се зголеми бројот на регрутите, но секогаш останува едно прашање тоа е безбедносната ситуација во РМ. Уште не ја контролираме границата, а дали некој го признава тоа или не во секој случај ние од Либералната партија ќе го поддржиме овој законски проект.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Абдулади Вејсели, но не е тука.

Има зор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал како член на Комисијата за одбрана и безбедност да кажам точно беше тоа дека ние имавме одредена резерва, меѓутоа исто така би сакал да кажам зошто кажавме дека имаме резерва. Една од причините беше неприсуството на министерот за внатршни работи ниту на заменик министерот за одбрана, па ниту на државниот секретар за одбрана, а сметам дека е ова многу значаен закон и со нивното неприсуство сметам дека не добивме доволен број образложение за донесување на овој закон особено за оној дел кој се однесува на професионализацијата на Армијата.

Имено,  со нашата трајна определба за членство во НАТО, едно од главните нешта што треба да ги направиме е поголема професионализација на Армијата, односно зголемување на бројот на професионални војници во Армијата. Со донесувањето на овој закон само го намалуваме воениот рок на регрутите од 9 на 6 месеци и од 14 на 10 месеци за оние кои не носат оружје при служење на воениот

рок и во ниту еден момент ова не го оспоривме. Напротив, тоа беше и наша определба и го поздравуваме, односно ќе го поддржиме како закон.

Меѓутоа, баравме објаснување зошто нема објаснување, планови, иницијативи и друго за зголемување на професионалоно ангажираните војници и на некој начин настанува намалување на воениот состав на Армијата на Република Македонија, иако знаеме дека безбедносната состојба во Република Македонија не е баш добра, не е баш розова. Како што напомнаа и претходните дискутанти, јас би го споменал нерешениот статус на Косово, спорноста со границата, неинтегрираните делови од кризните региони и при сето тоа, исто така, и проблемот со нерешениот статус на лавовите. Сето тоа придонесува за една напната состојба во Република Македонија.

Сметам дека Министерството за одбрана најитно треба да даде објаснување и да даде некоја програма за професионализацијата на Армијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господине претседател, господа министри, претставници на Владата, почитувани колеги,

Ме радува фактот што практично скоро сите членови на Комисијата и од сите пратенички групи учествуваа во оваа расправа. Тука немам ништо да додадам бидејќи навистина е направен консензус околу потребата од донесување на овој закон.

Излегов само да потсетам на една обврска во врска со законот, по едно прашање кое е мошне актуелно денес во Македонија. Имено, во смисла на член 17 став 1 точка 7 од Законот за одбрана, Собранието ратификува меѓународни договори кои се однесуваат на влегувањето, поминувањето или престојувањето на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија. Не се сомневам дека тој закон ќе дојде во Собранието за ратификација, меѓутоа, сега имавме можност да слушнеме и да видиме од државата дека двата дела на извршната власт дадоа прелиминарна согласност за потребата од присуство на силите за брза интервенција на Европа.

Би сакал во името токму на традицијата, демократските традиции и вредности на Европа по ова прашање и овој Парламент, пред да оди на ратификација и разгледување на Законот за ратификација, сепак да биде информиран во духот на Уставот, членот 68 и овој член од Законот за одбрана што го прочитав, затоа што ќе

се даде можност за транспарентност, она што денес е тренд во Европската Унија и можност ова прашање претходно, пред да оди на ратификација, за сондирање на терен во Република Македонија и опозицијата да учествува во своето гледање по ова мошне значајно прашање. Значи, ако е идејата, а од она што можевме да го слушнеме од медиумите дека некаде во средината на март или на крајот на март овие сили треба да се инсталираат во Македонија, треба да се направи таква динамика, за да може претходно и Собранието, пред перфектуирањето на договорот и дефинитивната одлука на Република Македонија, Собранието барем да биде информирано, тргнувајќи пред се од деловничките одредби кои се доста строги и рестриктивни.

Значи, молбата е да се создаде временски простор, за да може Собранието и претходно да расправа, а не се оспорува во овој случај ниту компетентноста и надлежноста на двата дела на извршната власт.

НИКОЛА ПОПОВСКИ.

Само да помогнам во доразјаснување на ова што господинот Петковски го говори. Според нашиот Устав и Законот за одбрана, Владата не само што има потреба од информирање на Парламентот, туку Собранието е единствено што може да донесе одлука за силите за брза интервенција, што значи, без ратификација силите не можат да дојдат во Македонија. Ние како Собрание тие консултации со Владата ги започнавме, за да може навремено да се достави таа одлука, а не за информирање во Парламентот за присуството на воената мисија, со која досега немаме договорна состојба и очекуваме да ни достави.

Има збор господинот Витановски Јанаќе.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

После ваквите дискусии, ќе бидам многу краток и нема да одземам многу време, бидејќи претходните дискутанти рекоа дел од она што сакав јас да го говорам овде.

Денес имаме еден доста значаен и доста важен закон на разгледување, за кој како што кажа претходниот дискутант, се вклучиле во дискусија и сите политички партии и јас сметам дека и од овие дискусии се гледа дека овој закон е прифатлив за сите нас. Сметам дека во иднина треба вака да работиме со вакви квалитетни закони, кои ќе бидат прифатливи за сите граѓани во Република Македонија. Самиот факт што министерот Бучковски го истакна дека над 72% е одзивот на регрутите во

јануарска класа, тоа значи дека Законот кој сеуште не е донесен е прифатлив за сите граѓани.

Со овој закон ќе придонесеме да бидеме еден чекор поблиску до НАТО, што, сметам дека е желба и определба на сите нас. Исто така, на ЗПК долго расправавме и има доста амандмани. Сметам дека е добро што Владата прифати дел од овие амандмани.

Јас ќе гласам за овој закон и за амандманите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата

Навистина на измените и дополнувањата на Законот за одбрана, кои се предложени од страна на Владата односно од Министерството за одбрана, немаме многу забелешки и измените се прифатливи. Ние ги прифаќаме тие членови на новиот закон кои се предмет на дискусија на оваа седница.

Иако се знае дека тенденција на Република Македонија е да се приближи кон структурите на НАТО, сигурно дека скратувањето на военииот рок, на редовниот состав и нивната замена со професионален состав е во согласност со стандардите на НАТ. Со оглед на фактот дека Македонија тежнее кон постигнување на тие стандарди, тие треба да бидат компатибилни со структурите на НАТО. За тоа овие измени се прифатливи за ПДП и пратениците на оваа партија ќе ги прифатат.

Меѓутоа, јас би сакал да имавме една консултација со министерот за одбрана, затоа што покрај тоа што го прочитав и го консултирав Законот за одбрана, јас пред малку го консултирав и Законот што се однесува на воената служба. Вие знаете дека Законот за одбрана е усвоен во 2001 година пред потпишувањето на Рамковниот договор и сигурно Законот за воена обврска е донесен некаде во 2002 година, значи после потпишувањето на Рамковниот договор. Значи сега се поставува прашањето дали Законот од 2002 година го следи духот на Рамковниот договор. Сигурно дека не и Предлогот за изменување и дополнување на Законот, односно на членовите кои се предмет на дебата мислам не ги задоволуваат интересите на заедниците кои живеат во Република Македонија и не му припаѓаат на мнозинството на заедницата која е мнозинство во Македонија. Откако е усвоен овој закон се вели дека ќе се регулира користењето на законот во согласност со Рамковниот договор, склучен во Република Македонија. Затоа, кај албанците има

многу дилеми кои треба да се расчистат и не само сите ние, овие дилеми треба да ги расчистиме сите ние кои припаѓаме на заедницата која претставува 20% од населението на Република Македонија, а не на мнозинството, а тоа се албанците. Се интересирав како се регулира ова прашање во самиот закон, или подобро кажано, дали ќе има измни во иднина. Јас сакам да знам, затоа што тука се измешани неколку области во Законот за одбрана, каде треба да се направат измени во согласност со одредбите од Рамковниот договор. Доколку во Законот за служба во Армијата се каже дека заклетвата ќе се каже на мајчин јзик од страна на војникот регрут, додека комуникацијата не, затоа што тука се неколку институции кои се инволвирани, Генералштабот, Државната администрација, министерствата, подрачните единици и тн., а од друга страна имаме предавачи, кои се спомнати во Законот, кои ќе предаваат пред новите кадри кои ќе се примаат за подофицири во Армијата на Република Македонија и тн. и ако со Законот за одбрана тоа не се регулира, со кој закон треба да се регулира? Доколку се сака да се усвои друг закон за регулирање на јазикот во рамките на Министерството за одбрана, тогаш би прифатиле едно такво оправдување. Значи, дали ова прашање ќе се регулира со некој друг закон или со друго дополнување и изменување на Законот, кој повторно би бил подготвен од Министерството за одбрана. На пример, имаме испраќање покани до регрутите, односно оние кои треба да бидат регрутирани, имаме комуникација на Министерството за одбрана со граѓаните кои припаѓаат на една заедница која е над 20%, а не припаѓаат на заедницата која е мнозинство. Значи се однесува на албанската заедница. Би сакал да имам еден одговор од самиот министер за одбрана.

Понатаму, во рамките на самото Министерство за одбрана како ќе се води комуникацијата на војникот со офицерскиот кадар. Ова не го гледам ни во Законот за одбрана ниту во Законот за воена служба на Република Македонија, додека во Рамковниот договор, доколку добро читаме, се знае што се подразбира под користење на албанскиот јазик како втор службен јазик во Македонија после македонскиот јазик или пак во однос на еднаквото третирање на овие два јазици.

Затоа, би побарал евентуално самиот министер да каже подетално како ќе се регулираат овие прашања во рамките на Армијата, односно Министерството за одбрана, а тоа се некои прашања кои ги истакнав, кои би можел накратко да ги повторам. Змачи комуникацијата на Министерството за одбрана со странките, а тоа се однесува пред се на албанците, поканите кои се упатуваат до регрутите, а исто

така и до оние кои веќе го отслужиле воениот рок, кои припаѓаат на резервниот состав на Република Македонија и на крајот во рамките на офицерскиот кадар и командите на офицерскиот кадар кон војниците.

Уште едно друго прашање. Знам дека тоа е регулирано со посебен закон, тоа е формирање на Воената академија во Република Македонија, но со реформите кои се очекуваат и во самото Министерство за одбрана ќе треба да се направи едно пропорционално претставување, како што го нарекувате правично претставување  во администрацијата, имајќи го предвид Министерството за одбрана, и примајќи сега професионални војници и подофицери, претпоставувам дека тој процес ќе заврши, ние ќе имаме еден друг проблем во командната структура, почнувајќи од офицерите и  зависно од нивниот...  Ова се поставува како прашање, затоа што скоро од самиот министер за одбрана слушнавме дека Воената академија ќе ја суспендира својата работа  во  еден рок кој ќе биде  потребен  во Република Македонија. Каде ќе се школуваат  новите албански кадри, кои треба да се претстават во рамките на командниот состав во Министерството за одбрана, Генералштабот, Армијата на Република Македонија и воопшто.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам и јас.

Господине Абдулади, јас ќе ве замолам, кога имате обраќање вака емотивно како денес, да внимавате дека вашиот говор се преведува и преведувачката не може да постигне да соопшти се што сакате да кажете, многу брзате. Малку полека, за да се фати преводот.

Има збор господинот Есад Рахиќ и бидејќи е последен говорник, ги молам говорниците што се надвор од салата да влезат, за да можеме да пристапиме кон гласање.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, драги колеги пратеници,

Немав намера да дискутирам, меѓутоа бидејќи сум член на Комисијата за одбрана, ќе кажам неколку зборови и одговори на колегите  од ВМРО-ДПМНЕ, од Комисијата за одбрана.

Пред да го образложам тоа што сакам да го кажам, искрено го поздравувам нивното враќање и ме радува начинот на искрена работа и соработка во делот на законите кои се важни за Република Македонија, и покрај малите искричиња, кои ги сметам сепак за дел на парламентарната демократија.

На прашањето на господинот Даневски, дали може да се скрати воениот рок до 60 дена, чисто технички ќе му одговорам, бидејќи како член на таа матична комисија со стручњаците и експертите разговарав. Единствено што може да се скрати е 30 дена, бидејќи со скратување на 60 дена ќе се добие празен простор, вакум од јануарската класа, доколку се скрати октомвриската, ќе има еден месец недоволна пополнетост на формацискиот состав на Армијата. И покрај добрите желби на господинот Даневски, а верувам и на сите нас, технички е неизводливо.

Што се однесува до прашањето на господинот Коце, дали ќе дојде до намалување на борбената способност, баш напротив, јас сметам дека податокот што го даде министерот дека околу 74-75% е исполнетоста на мобилизацијата односно повикувањето на регрутите на отслужување на воениот рок, сега е зголемен бројот на пример во јануарската класа, која е крајно непопуларна, има околу 1800-1900 војници, додека јунската која е нагласено популарна за заминување на отслужување воен рок имаме само 1050 војници. Затоа, и во овој дел сметам дека не држи таа забелешка, односно веројатно ги немале тие податоци, па и нема поголеми забелешки.

Што се однесува до другиот дел на господинот Даневски, токму оваа годишна национална програма за подготовка на Република Македонија за членство во НАТО, која и претходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ ја има донесено годишно, се стреми кон намалување на дел од одговорноста за обезбедување на граничните премини и границата од страна на Армијата и доделување на таа одговорност токму на таа погранична полиција. Токму и тоа е решение за она што емотивно зборуваше, за делот на проблемите што вчера се случија и веријатно ќе биде можност за надминување на тие проблеми.

И второ, во Македонија сега има 3000 професионални војници, а со програмата е предвидено да има 5000 војници. Конкурсите се отворени, така што господата што сметаат дека се доволно подготвени можат да се јават и доколку одговараат на тие карактеристики, да бидат и професионални војници. Инаку, бев искрен на Комисијата и тоа ќе го кажам и сега, реформи Република Македонија во областа на одбраната може да прави само во структурите на војската, а не и во

техничката подготвеност и единствен нчин да се приближиме до евроинтеграциите кои се цел и на претходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ и на сегашната Влада на СДСМ и на некоја следна Влада е токму интеграцијата во овие безбедносни системи. Бидејќи немаме технички можности во делот на техничката подготовка, нашата спремност во одредена структура да бидеме подготвени за едни промени, ќе не доближи до НАТО асоцијациите. Од прилика тоа сакав да го кажам.

И ако дозволите, на крајот да кажам уште една реченица, иако не е во овој дел. Сакам искрено да им честитам на одбојкарите на Работнички-Фершпед за вчерашната победа во Берлин, со што докажаа дека ние македонците, кога сакаме, и можеме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Рахиќ.

Господинот Слободан Даневски има реплика.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Во врска со претходниот дискутант, кој воедно е и колега во Комисијата, неговите забелешки јас сериозно ќе ги прифатам и сега се испоставува дека во Собранието имаме многу луѓе кои ја познаваат војната со чинови и чварки. Но, би го прашал г-динот дали може тој да каже ког анас ќе не примат во НАТО? Да одговори, бидејки сите работи добро ги познава и да каже дека нас ќе не примат тогаш и тогаш. Ние во НАТО има да забавиме знаете колку, додека не го испегламе вооj багаж, додека не се европеизираме, а ние сме балканци, тогаш ќе не примат. Овие укажувања за емотивното настапување мое, дали ќе се најде решение за лавовите, не е моја емотивност, туку тоа е реалност. Не може да се дозволи во оваа држава Македонци на Македонци да запукаат. Ако запукаат таму ќе се пренесе и ќе се мултиплицира секаде. Дојде време Македонци на македонци да пукаат. Ако тука има нешто емоции, незнам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Рахиќ имате една минута.

ЕСАД РАХИЌ:

Само како одговор, мислам дека кај нив во партијата имаат и видовити луѓе, можат да ги праШаат и ќе им одговорат. Меѓутоа, според тоа доколку сме подготвени да ги спроведеме реформите кои што се на пат во Армијата , тоа го слушна и во Комисијата за надворешни работи, Македонија доколку оди по овој пат, ќе биде примена во 2006 година во НАТО најдоцна.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Еве, сега има и конкретна прогноза.

Има збор г-динот Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Цврстата определба на РМ за евроатланските интеграции, а во рамките на тоа и за побрз интеграција во НАТО, како и обврските од Партнерство за мир, каде што Македонија веќе одамна е членка, наметнуваат обврски на политички, но и на воен план. Согласно ова, како и согласно таканаречениот ма-план, кој е усвоен од структурите на НАТО, овие обврски наметнуваат, помеѓу другото и трансформација н анашите вооружени сили односно трансформација на АРМ.

Еден од овие приоритети е и професионализација на нашата Армија. Ова преструктуирање на Армијата во рамките на кое е предвидено и скратување на воениот рок од 9 на 6 месеци и цивилното служење на воениот рок од 14 на 10 месеци, како што беше кажано и нема многу да го елабурирам, ќе доведе до големи заштеди што ќе овозможи многу по ефикасни и професионални сили, кој насекаде се за неколку степени на повисоко ниво на борбена готовност, отколку таканаречениот регрутен воен состав или пак резервниот состав.

Би сакал да кажам дека нема никаква опасност од намалување на борбената готовност на Армијата на Република Македонија, бидејки многу земји кои се веќе членки на НАТО или на прагот на Европската Унија, токму во оваа свера односно во намалување на бројот на регрутниот состав и зголемвуањето на професионалниот состав го направија тоа и се приближија кон евроатланските структури. Во оваа прилика би сакал да напоменам дека покрај потребата од зголемвуањето на професионалниот војнички состав и зголемвуањето на подофицерскиот состав односно намалувањето на офецерскиот состав, во РМ може да се одвива само етапно и никако не може да значи радикално намалвување на офицерскиот кадар. Ова може да се одвива само по таканаречен природен пат односно по пат на нивнот

редовно пензионирање, бидејки Армијата на РМ има навистина голем број на високостручен образовен, способен, квалитетен офицерски кадар, кој што уште долго време може да придонесе за одбрамбената моќ на државата.

Исто така, во оваа прилика го поздравувам намалувањето на таканаречениот цивилен воен рок и би потсетил дека ЛДП уште пред четири години се залагаше за воведување и за скратување на цивилното служење на воениот рок, согласно убедувањето на граѓанинот, бидејки тоа беше и една од обврските за нашето побрзо приклучување односно имплементација на европското законодавство.

На крајот само би напоменал дека оваа професионализација и борбената готовност не зависи само од бројот на армискиот состав, туку и од самата структура и квалитетот и дека професионализацијата ќе доведе до ефикасни сили за брза интервенција, што ќе ја зголемат борбената моќ на државата, но и за можаност, бидејки борбената готовнсот зависи во сферата на високовоената технологија и од современата воена технологија.

Го поздравувам донесувањето на овој закон и јас ќе гласам за донесувањето на овој закон и добро е што постои консензус на сите релеванти политички субјекти да е донесе овој закон. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дек апостојано се пријавуваат се повеќе нови дискутанти, ќе работиме до 14,00 часот, ќе направиме пауза до 15,00 часот и потоа повторно продолжуваме со работа.

Има збор Апостоловски Никола, очигледно законот предизвикува голем интерес за расправа.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги, јас најнапред сакам да го поздравам предлагачот на законот, кој навистина се потрудил да ни даде исцрпно образложение и причини заради кои треба да се донесе овој закон.

Јас како член на Комисијата, а се изјаснив и на Комисијата дека ќе го подржам донесувањето на законот. Ме радува што сите парламентарни групи се изјаснија дека Ќе го пдоржат овој закон. Сакам само да укажам на една работа. Со донесувањето на измените на овој закон се регулираат доста работи, кои денес се

искажани, не сакам да ги повторувам, но со овој закон сигурно дека се приближуваме до интеграцијата со НАТО.

Друга работа што со овие измени се регулираат надлежностите на Владата и Министерството за одбрана во делот на употребата на силите на цивилна заштита кои во изминатиов период навистина претставуваа проблем во употребата на силите на цивилната заштита.

Исто така, на денешната седница е поднесен амандман од колегите Рафис Алити и Хисни Шакири и Аднан Јашари и Невзат Бејата на членот 172. Со измените на овој закон, навистина ќе отпаднат причините за поднесување на овие амандмани. Бидејки, има голем број на вони обврзници кои намерно ја избегнуваат воената обврска. А, со донесувањето на овој закон, на измените на овој Закон, сигурно ќе се намалат причините за избегнување на овој закон.

И, како што реков на почетокот ќе галсам за измените на овој закон.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Еве, сега, се смени состојбата, двајца дискутанти се откажаа, а остана уште г-динот Стојан Андов. Повелете.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас само сакам уште еднаш да истакнам во име на Пратеничката група на Либералната партија дека го подржуваме овој законски проект, ќе гласаме за него. Мислам дека претставникто на Владата направил еден добар потег што го прифати амандманот на г-динот Жарко Караџоски од опозицијата и сега д аим честитаме на младите луѓе што ќе служат пократок воен рок, отколку досега. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г-динот Андов.

Со оглед дека се повлекоа пријавените дискутантио, констатирам дека веќе никој не бара збор и го заклучувам претресот по Предлогот за донесување на закон и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок;

Собранието го усвојува Предлогот за донесвување на закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана.

Ве молам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлгот на законот.

Комисијата за одбран аи безбедност поднесе амандмани на член 5 за додавање нов став 2 и за додавање нов член 5-а по членот 5, по кој Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3 став 1, член 7 во новиот член 80-а, став 3, член 8 во новиот член 87-а став 3, член 9 за менвуање на став 1 и на став 2, член 10 во новиот член 126-а, став 4, член 12 и на член 13 став 2 и член 14 став 2.

Пратениците Рафис Алити, Хисни Шакири и Аднан Јашари, Невзат Бејта поднесоа амандман за додавање на нов член 11-а по членот 11, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Аднан Јашари, Хисни Шакири поднесоа амандман на член 13 став 1 и на член 14 став 1, по кој Владата не се произнела.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 12 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додавање нов став 2, поднесен од Комисијата за одбран аи безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, за гласале 17 пратеници, против гласале 52 пратеници, воздржани 4.

Констатирам дека, со оглед на тоа што е потребно мнозинство, констатирам дека амандманот не е усвоен. Мислам на амандманот на членот 5 за додавање нов став 2, поднесен од Комисијата за одбран аи безбедност, не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 5-а по членот 5, поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот  се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Валдата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот  се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед на тоа дека амандманот е прифатен, станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 80-а, став 3 поднесен од ЗПК и со овој амандман се согалсил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот  се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед на тоа дека амандманот се прифати, тој стана составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 во новиот член 87-а, став 3, поднесен од  ЗПК.

Со амандманто се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот  се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед на тоа дека амандманот се прифаќа тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за менување на став 1 и на став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникто на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 во новиот член 126-а, став 4 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека амандманот е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека амандманот е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 2 и член 14 став 2 поднесен од ЗПК.

Со амандманот се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека амандманот е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 11-а по членот 11, поднесен од пратениците Рафис Алити, Хисни Шакири, Аднан Јашари и Невзат Бејта.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот го разгледуваше и Владата на својата седница. Заклучокот е да се формира посебна група од Министерството за правда, Министерството за

одбрана и секретарот за законодавство, затоа што регулирањето на оваа материја не е можна во Законот за одбрана. Проблемот е констатиран, близу 20 илјади лица кои имаат наполнето над 27 години, а не се јавиле на отслужување на воениот рок, согласно Кривичниот законик се наоѓаат во процедура за изречување на прекршочна казна во затвор со траење од 60 дена или прекршочна казна изразена во пари и сето тоа создава проблем. Постојат неколку варијанти, но во овој момент Министерството за одбрана, Владата не може во овој закон да го најде решението на овој проблем, па затоа ќе биде понудено друго решение. Значи, амандманто не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека има мислење од Владата, молам некој од претставниците, од предлагачите на амандманто да е изјаснат.

Господин Рафис Алити.

РАФИС АЛИТИ:

Почитувани колеги, почитуван претседателе, дами и господа, јас заедно со моите колеги го понудивме овој амандман, поради фактот дека над 20 илјади млади луѓе од познати причини што се случија на просторите на поранешна Југославија во нашата земја и од разни мотиви, беа обврзани да не одговорат на поканата за отслужување на воениот рок. Дел од овие млади луѓе се во затвор, друг дел мораа да си заминат, а голем дел се жртви на злоупотреба и од нив се бараат пари од 3 илјади, 5 илјади до 15 илјади германски марки само со цел да успејат да избегнат служење на воениот рок или пак да не бидат затворани.

Имајки го предвид фактот пред граѓаните сме се декларирале дека ќе се бориме против корупцијата имајќи ги предвид реформите кои треба да се спроведат во Армијата, мислам дека оваа Влада и ова Собрание ќе ги спроведе законските реформи во интерес на сите граѓани. Така што, после тоа што го кажа министерот за одбрана и кој рече дек анабрзо ќе се најде законско решение, законска формулација во интерес на сите овие малди луѓе и во интерес на сите граѓани на РМ, јас го повлекувам амандманот и истовремено ви благодарам за вниманието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претпоставувам дека го повлеквуате во името на сите четири предлагачи.

Благодарам и одиме понатаму, амандманот е повлечен, со образложението што го даде министерот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1 и на член 14 став 1, поднесен од пратенците Аднан Јашари и Хисни Шакири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејки, никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Гласале 80 пратеници за се изјасниле само 6.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13 став 1 и на член 14 став 1 поднесенод пратениците Аднан Јашари и Хисни Шаќири.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Ве потсетувам дека согласно член 122 став 2 од Уставот на РМ, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, односно 80 гласови.

Пред да го ставам предлогот на зсакон на гласање ги молам пратениците што се вон од салата да влезат и службите да ми дадат број на присутни пратеници.

Констатирам дека во салата има 88 пратеници и предлагам да преминеме на гласање.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Што барате господине Шаќири?

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Ние како парламентарна група бараме овој закон да го изгласаме после паузата.

Со оглед на фактот дека за овој глас се потребни гласови и од пратнеиците од националностите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во салата има присутни 88 пратеници. Од дискусијата произлезе дека нема пратеничка група што се спротивставува на ова, а овој закон се носи со двотретинско мнозинство во кој не е вклучен механизмот за кој вие зборувате. За

овој закон за одбрана тој механизам во Уставот не е пропишан. Затоа ве молам да пристапиме на механизмот на гласање.

Ве молам да го вклучите системот да гласаме.

Господине Шаќири во Уставот се пропишани кои се законите и во деловникотн, закони од сверата на одбраната не спаѓаат во тој механизам.

Гласале 89 пратеници, за гласале 88, против гласал 1 никој не се воздржал.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на законот за одбрана.

Благодарам на сите пратенички групи кои најдоа меѓусебно компромисно решение по сите прашања што го изгласаа овој закон.

Со оглед на тоа дека е минута до 14 часот, објавувам пауза од 1 час. Во 15 часот ќе продолжиме со работа.

Господинот Макрадули бара збор.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Се извинувам господине претседателе во име на Пратеничката група на СДСМ да ви кажам дека после 18 часот повеќе пратеници ќе имаат обврски и ве прашувам дали ќе работиме до 17 часот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе работиме до 17 часот.

Продолжуваме во 15 часот.

(по паузата седницата продолжи со работа во 15,15 часот).

Продолжуваме со работа по третата точка од дневниот ред. - Предлог за донесување на закон за договорен залог со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор министерот за правда.

ИСМАИЛ ДАРДИШТА:

Господине претседатателе, почитувани дами и господа пратеници,

Материјата која е регулирана со овој Предлог закон за договорен залог досега беше регулиран со двата посебни закона и со Законот за договор на хипотека од 2000 година, и Законот за залог за подвижни предмети и права од 1999 година.

На барање на светската банка како услов за повлекување на втгората транша од ФЕСЕЛ аранжманот се пристапи кон усогласување на интегрален текст што се однесуваат на хипотеката и разната залога.

Со донесувањето на законот за договорен залог ја создадовме правната рамка за поефикасна заштита на побарувањата на доверителите. Со ова се овозможува зголемување на сигурноста кај потенцијалните инвеститори при инвестиционите влошувања.

Исто така, со донесувањето на законот за договор и залог се вметнуваат и вообичаените трговски транссакции во услови на пазарна економија и се обезбедуваат ефикасни мерки за извршување на вложениот предмет.

Законот за договорениот залог е заснован врз начелата на законитост, ефикасност и економичност. Во него се предвидени повеќе новини кои имаат за цел да обезбедат поголема сигурност на доверителите преку зголемување на ефикасноста при реализацијата на залогот.

Со донесувањето на законот за договор и залог ќе се изедначи терминологијата на настанувањето, постоењето, причините за престанок на реализација на разен залог и хипотеката., секако водејќи сметка и кажувајќи ги специфичностите што ги имаат овие два различни института.

Со новиот закон со кој се предлага се настојува различните решенија кој постојат во законот за подвижни предмети и права и Законот за договор на хипотека да се сведат на најмала можна мера со што би се олеснила нивната примена. Се разбира дека законот покрај тоа што им е заедничко на двете средства за обезбедување ќе мора да ги изрази и специфиќите на секој вид одделно. За одредени прашања навистина е добро да важат исти правила, а тие се бројни. Многу е помал бројот на прашањата кои треба да бидат регулирани со посебни одредби кои ќе се однесуваат само на залогот односно на хипотеката.

Постоењето на мал број на специвиќи на едното и другото средство на побарување односно на обезбедување дава за право да се донесе еден ваков закон со кој на единствен начин ќе се уредат и двете средства на обезбедување.

Предлог законот предвидува со него да се уредат начинот, условите и постапката за настојување, постоење на реализација и престанување на договорното заложно право врз подвижни предмети, подвижни ствари, хартии од вредност, побарувања и други права и врз недвижностите.

Заедничко и за двете средства на обезбедување е тоа што ако побарувањето обезбедено со било кој од овие две средства не биде исполнето во рокот на

стасаноста, заложниот односно хипотекарниот доверител може своето побарување да ја намири одредбата на Предлогот на законот, односно хипотеката и под услови и начини предвидени со овој закон,. Да се стекне со право на сопственост во стварта која е предмет на залогот, односно хипотеката.

Законот за договорен залог е составен од 7 глави. Во првата се регулираат општите одредби, значи поимот основните начела предметот на хипотеката односно разниот залог на хипотеката.

Втората глава се регулираат правата и обврските на договорните страни заложниот доверител и заложниот должник.

Во третата глава се однесува престанокот на заложното право каде што се уредени причините заради кои престанува заложното право.

Четвртата глава се однесува на уписот на податоците во заложниот регистар.

Во петтата глава се регулира реализацијата на залогот, додека во Шестата дадени се казнените одредби.

И во последната Седма глава се дадени преодните и завршните одредби. На крајот уште еднаш дозволете да ја истакнам важноста и хитноста од донесувањето на овој закон особено имајќи го предвид фактот дека повлекувањето на втората транша од ФЕЈСЕЛ аранжманот зависи од неговото донесување. Токму затоа, а имајќи го предвид и фактот дека оваа материја и досега беше регулирано со два закона кои во практиката добро функционира, предлагаме донесување на овој закон во скратена постапка.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Збор има господинот Јашари Аднан.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата, со Предлогот на закон за договорен залог се врши спојување на двата закони кои се во сила моментно, како што е Законот за залог на подвижности од 1998 година и Залог усвоен во 2000 година.

Значи целата оваа област на залог, со Предлог законот ќе се регулира на уникатен начин со цел како што во пракса ќе имаат и свое значење и покрај тоа во овој Предлог закон се предвидени и некои помали измени но кои имаат посебна важност, со одредбите кои се на двата закони и кои се во сила кои ја покриваат оваа

материја, а значајноста на овој закон лежи во реализацијата на вредноста на залогот прашање кое во пракса се покажа доста проблеми. Од друга страна Законот т.е. овој закон обезбедува легална рамка, законска рамка, за заштита на барањето на кредиторите и во оваа рамка се зголеми зигурноста на потенцијалните инвеститори за да го инвестираат својот капитал, тука посебно би ја истакнал сигурноста на инвестициите на странските инвеститори. Да не должам мислам дека овој закон треба да се поддржи, поради овие прижини, и исто така, поради обврската да се повлече ФЕСЕЛ аранжманот кој Република Македонија го има склучено со Светската банка.

Ви благодарам.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, присутни претставници на Влада, во својство на пратеник, сакам да го искажам своето мислење по Предлогот за донесување на закон за договорен залог со Предлог на закон, моите мислења односно моето мислење ќе биде во прилог на потребата од донесување на закон, материјата што ја регулира овој закон и начинот на кој што се регулира оваа материја.

Меѓутоа, претходно дозволете ми да потсетам дека најопшти одредби за договорното право односно за заложното право се содржани во Законот за сопственоста и другите стварни права во посебна Глава ИИ, каде што под називот право на залог се ова право заложно право, се регулира од аспект на стварно право врз туѓа ствар, односно како стварно правен институт. И во Законот за извршна постапка има одредби за заложното право и тоа во посебна Глава тоа е Главата ЏЏИИ каде што е регулирано заложното право како институт за обезбедување на парично побарување.

Меѓутоа, дозволете исто така да потсетам дека согласност со одредбите од Законот за сопственост и другите стварни права, утврдени се три нажини на воспоставување на заложно право а тоа се воспоставување на заложно право врз основа на закон врз основа на судска одлука и воспоставување на заложно право врз основа на правната работа односно ние како што го викаме популарно врз основа на договор или договорно заложно право.

Бидејќи правната практика во правниот живот најмногу се употребува воспоставувањето на заложно право врз основа на правна работа, врз основа на догобворно заложно право, затоа од овие причини досега во нашиот правен поредок оваа правна материја е регулирана со два посебни закони како што ние правниците

ги викаме “лект специјалист” тоа е закон за договор на хипотека кој што е донесен 2000 година и според овој закон, со одредбите на овој закон се регулира воспоставувањето, настанувањето, реализацијата и престанокот на заложно право врз недвижност. Друг имаме исто така посебен закон тоа е Законот за заложно право на подвижни предмети и права. Со овој закон се регулира воспоставувањето настанувањето и реализацијата и престанокот на заложно право врз подвижни предмети и права.

Дозволете да констатирам како доскорашен практичар дека, со овие закони, беше добро регулирана оваа материја и беше доста добро правно покриена и сметам дека и досега беа добро регулирани овие односи.

Меѓутоа, како што ништо не е совршено се е во тенденција на менување а склоно на тоа исто така нашата тенденција ќе се памети постојано да ја усовршуваме правната регулатива, да ги прецизираме правните правила и прописи а во последно време и нашата тенденција, да го приближиме нашето национално законодавство кон Европските стандарди, се појави и потреба од донесување на овој закон.

Основна причина за донесување на овој закон според мене претставува кодификацијата односно, кодификацијата на матеирјата од оваа област односно инкорпорирање на одредбите од овие два посебни закони во еден закон, тоа е всушност и тенденција на секоја правна мисла и со кодификацијата на овие два закони ние ќе постигнеме уедначеност во регулирањето на материјата од оваа област со тоа што секоја од овие посебни начини на воспоставување на заложно право ќе си ги задржи сопствените спецификации, а исто така ќе имаме уедначеност на терминологијата и на крајот на краиштата полесна практична примена на законот.

Друга причина поради која што се донесува овој закон според мене е обезбедување на правна рамка на поголема сигурност, на заложните доверители односно на кредиторите на инвеститорите тоа што е од особено значење за нашата држава бидејќи моментално сме живо заинтересирани за инвестициони циклуси и специјални вложувања.

Во правец на ова имаме и новини во Законот за договорен залог, новината е во тоа што со овој закон се овозможува да се воспоставува договорен залог врз трговско друштво, цело трговско друштво врз правно лице. Што значи тоа, тоа значи дека со овој договор за залог сега веќе може да се воспостави заложно право врз имотот на претпријатието што ќе каже врз целата надвижност врз сите подвижни предмети и права, а и врз деловниот простор. Ова ќе е особено посебно гаранција

за идните инвеститори односно за идните кредитори. Што е особено важно за нас како држава посебно правната сигурност се подига со овој закон со обврската да ваквиот воспоставен договорен залог на цело претпријатие односно цело трговско друштво е обврска да биде објавен во “Службен весник” што значи зголемување на правната сигурност не само на кредиторите и инвеститорите, туку на сите учесници во правниот промет и во обичните финансиски трансакции.

Со донесувањето на овој закон особено е важно со воведувањето на посебната Глава заложно право односно заложрен регистар и во оваа глава посебно и поконкретно се регулира начинот и постапката на упис на заложното право во регистар односно невладителскиот залог на подвижни предмети.

Исто така сметам дека посебна причина за донесување на овој закон, за нас правниците сметам дека е една од најсериозните е скратувањето на роковите за реализација на заложното право. Впрочем, тоа е и крајната цел на овие договори.

Во новиот закон реализацијата на заложното право односно целата таа постапка се скратува на начин што веќе доверителите не можат да применуваат разни правни средства со кои што би го осуетувале или би ја одоговлечувале постапката на реализацијата на заложното право. Меѓутоа, сепак има една одредба со која што и должниците се заштитени односно со овој закон се воведува еден нов институт во постапката на реализацијата на заложното право. Должникот може да истакнува приговор во реализацијата и врз основа на овие приговори во рок од 15 дена да поднесува тужба до надлежен суд со која ќе ги поништува ваквите акти на реализација. По истекот на рокот утврден со закон сите поднесени правни средства нема да делуваат врз сопственикот кој што стекнал сопственост на стварта што ја реализирал.

Најглавна причина според мене е подигањето на правната сигурност на заложните доверители. Ќе се створат услови во Република Македонија да биде повлечена втората транша на ФЕСЕЛ аранжманот што е заклучен со Светската банка, а исто така ќе се создадат услови за нови финансиски вложувања во Република Македонија што е од особено значење за нас.

Како претседател на Законодавно-правната комисија да кажам дека Законодавно-правната комисија на седницата одржана на 17 јануари 2003 година од вкупно 12 присутни членови, со 11 гласа за утврди потреба за донесување на овој закон. Овој закон е во согласност со Уставот и начелата врз кои се заснива овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави г. Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Би сакал да го кажам моето мислење околу овој закон. Мислам дека овој закон треба да биде прифатен од Парламентот на Република Македонија. Овој закон претставува на некој начин спојување на двата закона - Законот за залог и Законот за хипотека со мали измени и дополнувањеа.

Законот за залог и Законот за хипотека кои беа донесени во 2000 година беа одлично оценети од сите меѓународни фактори и одлично применети во праксата. Практично тоа беше вистински пресврт, особено во доменот на работењето на банките и на штедилниците и беше нешто што навистина сврте нова страница во оваа област.

Меѓутоа, откако се донесе Законот за хипотека советниците од Светската банка предложија дека не би било лошо и Законот за залог и Законот за хипотека да се најдат во еден закон односно физички да се спојат во еден закон, затоа што тоа е вообичаена светска пракса. Оттука, тие предложија да се стави како услов за втората транша на ФЕСЕЛ аранжманот, што беше направено и од претходната Влада. Некаде во мај или јуни месец беше испратено до Парламентот, но не знам зошто, мислам дека од некои технички причини Министерството за правда го повлече со намера повторно да го пушти во Парламентот.

Што се однесува до целата транша на ФЕЛЕС 2 аранжманот уште тогаш од Светската банка имавме укажување, заради тоа што сите други работи беа завршени за целата работа, најверојатно ќе дозволеа и доколку не се стигнеше да се склучи аранжманот со ММФ. Но, мислам дека е добро да помине и овој закон за да не мора да ни се каже и од Светстката банка, од тој што претседава и за помалку важни работи да кажува дека се запоставени.

Така што мислам дека овие два закона одлично функционираат Законот за хипотека и Законот за залог. Не очекувам да има некои посериозни промени. Веројатно при спојувањето некои искуства, ситни некои искуства се исправени, но генерално во најголем дел тоа се оние закони кои што веќе функционираат и сега технички се спојуваат заради влегување во светската пракса на еден ваков закон и заради исполнување на условите за втората транша на ФЕСЕЛ 2 аранжманот.

Според тоа, сакам да кажам дека овој закон треба да се поддржи и да помине на Парламентот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници,

Самиот закон навистина предизвикува внимание и желба да се вклучиме во дискусија барем оние што сме постручни во оваа област. Почнавме со претседателот на Законодавно-правната комисија, па екс министерот, па еве сега со мене.

Веднаш се отвора прашањето за тоа дали овој закон има потреба да се донесе. Обично тоа е тема на дискусија секогаш кога се дискутира, прво дали има потреба од донесување на законот или не. Ние како Собрание, или како комисија тоа го цениме.

Ако тргнеме од нашиот Устав или од нашите законски одредби во кои случаи се носи потребата за донесување на закон обично се тргнува од една позиција, од тоа дали една материја е регулирана или не. Доколку дојдеме до сознание дека оваа материја не е регулирана, или таа регулатива е од некое заостанато време од пред 10-15 години или некои закони од бивша СФРЈ, тогаш навистина се наметнува апсолутната потреба од донесување на еден ваков закон и тука нема дилеми. Но во оваа ситуација имаме, во 2000 година донесен Закон за хипотека и Закон за рачен залог што во голема мера се идентични со овој закон што сега е на дневен ред. Затоа се поставува прашањето зошто е потребно да се донесе овој закон. Слушнавме од претходните дискутанти што се регулира овој закон, го слушнавме и министерот со своето образложение и сето тоа што го кажаа и претходните дискутанти и министерот е исто она што го содржат и Законот за хипотека и Законот  за рачен залог. Значи тоа е регулативата независно како е кажано. Законот е разделен по глави и во суштина тоа е тоа.

Ако погледаме законот што се нуди, новините колешката ги кажа, има еден или два члена што даваат нешто ново итн. Но сето тоа можело да се направи со изменување и дополнување на постојните закони, така да не би било кој знае колку страшно и да не се донесе овој закон. Меѓутоа, се наметнува и очигледно јасно е дека единствената потреба за да се донесе еден ваков закон, тоа го кажа и екс министерот за финансии е втората транша на ФЕСЕЛ 2 аранжманот. Нормално ние како држава и како Влада сме заинтересирани за тие аранжмани и нормално дека треба да ги исполнуваме. Но, многу пати во претходната пракса на претходниот Парламент додека Владата на г. Георгиевски, многу пати ни беше свртувано

вниманието дека ние сме сервилна влада и дека работиме буквално се она што ќе ни го кажат од надвор, Светска банка, ММФ итн. Многу пати, многу често бевме опоменувани, па вие сте сервилни, буквално нема потреба да седите во овие клупи и како претставници на Влада и како претставници на се, едноставно дајте да ги повикаме од Светска банка и нека биде се што биде амандмани, закони и нека кажат, за да знаеме кој го предлага и кој го нуди. Сега истото би можел да го кажам и јас дека оваа Влада е токму сервилна заради потребата на Светската банка што не условува со донесување на еден закон заради подготвување на втората транша на ФЕСЕЛ аранжманот. Токму затоа тука се поставува прашањето зошто секогаш се доведуваме во позиција некој користејќи ја својата позиција да кажува дали треба еден закон, дали треба два закона, три итн, за да ни дадат одредени аранжмани. За жал таа пракса не се применува само кај овој закон. Таа пракса ќе ја сретнете буквално за секоја една материја која се носи во Парламентот за било какви аранжмани. Па дури се случува дури и онаму каде што нема аранжмани, дури за одредени зборови, реченици да чекаме став на Меѓународната заедница дали треба овој или оној збор да биде во законот. Тука мора да констатираме дека ако бевме критикувани како тогашна Влада дека сме сервилни за жал истата политика ја спроведува и оваа Влада. Значи, она што ни го наметнува ММФ, Меѓународната заедница, ние едноставно мораме да го применуваме и спроведуваме.

Тоа не значи од друга страна дека во секој случај е добро закони кои што регулираат одредени материи и кога постои можност да бидат споени во една целина да бидат споени. Тука е правната логика. Тоа е само во однос на практичната примена за да можат правниците полесно да се снајдат. Но мора да констатираме и од дискутантите и од министерот што го слушнавме дека и претходните закони и Законот за хипотека и Законот за рачен залог функционирале и дале резултати.

Сега кога зборуваме во делот на сигурноста на доверителите и од тој аспект на привлекување на инвеститорите мора да кажеме дека тој процес не зависи само од овој закон, туку во целина на овие закони. Тука најмногу треба да се спомне Законот за извршна постапка. Тој е основата за сигурноста, како ќе ги реализира, затоа што ние лесно ќе склучиме и рачен залог и договор за хипотека, но како да ги реализираме побарувањата. Бидете сигурни дека процесот на извршувањето на побарувањата е најосновниот проблем во Република Македонија. Тука навистина сериозно и како Влада и како пратеници треба да се ангажираме да го ефектуираме тој начин, затоа што само на тој начин доколку доверителот знае дека ќе инвестира,

но од друга страна знае и ќе му наплати во случајот должникот да не е моќен, тогаш навистина можеме да зборуваме за некои посебни инвестиции.

Мене би ме радувало, иако во секој случај законот е за поздравување, не можеме да кажеме дека е лош закон, во секој случај е добар закон, и јас лижно на Комисијата бев единствениот против потребата за донесување на самиот закон заради причините кои сега ги кажувам, но би ме радувало доколку Владата на Република Македонија во периодот што измина се зафатеше со некој проблем што е од поинтервентна природа. Не велам дека и ова не е интервентно, но сепак имаме толку проблеми во Република Македонија, проблеми на кои што Владта требаше да им даде приоритет. За жал на сите овие седници на Парламентот досега одржани не видов ниту еден закон со кој што оваа Влада ќе излезе со конкретно решение за она што го ветуваше. Поточно, да ни предложи закон во поглед на социјалната политика, дали некој економски закон или нешто од реформите што ги најавуваше итн, итн. Не гледам буквално ниту еден закон. Искрено да кажам Парламентот во целиот овој изминат период служеше како верификациона комисија или комисија која се занимава исклуживо со кадровски прашања, или пак ратификациона комисија бидејќи 90% од точките ни се ратификации. Според тоа ако имаме неопходна потреба од донесување на некој закон, не велиме, можеби е и оваа потреба на место, но далеку поинтервентни и поприоритетни се оние закони за кои што треба да разговараме и за кои што Владата треба, барем во делот на своите ветувања да излезеше пред Парламентот со еден пакет на закони, со нешто што драстично ќе изменеа или ќе направеа нешто во смисла да се подобри состојбата во економијата и во животниот стандард.

Од друга страна најлесно е да се зафати со она што претходната влада направила нешто позитивно, тоа да го преточиме дали во еден закон или два, но во секој случај отприлика тука се зафаќа. Еве во случајот денеска имаме предлог за измена на Законот за одбрана. Факт е дека претходната Влада го донесе системскиот закон. Од друга страна имаме Закон за договорен залог, а факт е дека имаме регулирани односи. Имаме Закон за изменување и дополнување на Законот за облигациони односи кој исто така го донесе претходниот состав на овој Парламент како системски закон итн, итн.

Значи, би апелирал до Владата да се зафати токму за оние работи за кои што ветуваше, а не само да лови вештерки, туку треба да се зафати и за економските проблеми кои што навистина натежнуваат. Граѓаните очекуваат резултати од сето она што го зборувавте барем 30% да остварите па да видиме

на наредните седници нешто конкретно, нешто ново, нешто што ќе лижи на Коалицијата за Македонија која толку помпезно ја најавувавте. Вака само со сервилна улога и со улога што ќе ни каже Светска банка, ММФ не одиме далеку. Допрва ќе се сретнеме со еден проблем кој најверојатно ќе излезе на виделина. Сите сте сведоци дека синдикатот даде поддршка на Коалицијата за Македонија и тоа со една единствена цел, законот кој што беше во процедура, а предложен од Слободан Даневски, Законот за загубарите, Законот за пензионирање или одење со 25 години стаж во пензија итн, но знаете сите добро за тој закон дека како опозиција се трудевте максимално да го донесете. Сега како позиција барем би сакал тој закон да видам да се најдеше на седница со приоритет наместо овој и да го регулираме она што го бара и синдикатот. Тогаш навистина би сватил дека оваа Влада има искрени намери барем во делот каде што ветуваше дека државата е во хаос, народот нема леб да јаде итн, со тие проблеми да се зафатеше. Со рачен залог и со хипотеката народот и граѓаните не добиваат ништо, ниту пак ќе се измени нивната социјална положба.

Затоа ве повикувам како Влада да видиме што станува со Законот за загубарите што го бара синдикатот. Интересна е состојбата, синдикатот беше многу бучен додека беше претходната Влада и многу инсистираше на носење на тој закон, а денеска страшно молчи. Каде е причината и што е причината не знам, но ајде зафатетесе вие бидејќи сте вие владина коалиција па да го видиме на дневен ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Го разгледавме овој проект и мислиме како пратеничка група на Либералната партија да гласаме за донесување на овој закон. Всушност тука Владата покажува еден разумен став. Тоа е обработено од претходната Влада и тоа се расчистени работи и да се сожува и да се донесе законот. Не гледам сега зошто толку долго да расправаме по овој проект. Овој проект очигледно и претходната Влада и оваа Влада има исти став. И опозицијата и пратениците од мнозинството имаат исти став така да го кажувам нашиот став дека ние ќе гласаме да се донесе овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за договорен залог.

Ве молам да се изјасниме со гласање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Гласале 79 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 83 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлого на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандман за менување на член 82, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Томиќ поднесе амандман за менување на член 82, по кој Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 став 3 за менување на член 9, член 12 став 3 и за додавање нов став 4 по ставот 3, член 9 став 11, член 21 став 2, член 23 став 1 алинеи 3 и 8, член 25 став 3, член 29 став 1, 2 и 3, член 39 став 5, член 71 став 2 и на член 76.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 11 за менување на став 2 и на член 67 став 3. Тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на членот 82, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе за амандманот.

Има збор министерот за правда господинот Дарљишта.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Владата не го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Госпогиднот Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Предложениот амандман во предлог законот со предлог на закон има за цел да се определат локалните компетенции на органите што се однесува до основачкиот акт.

Овој амандман го има својот правен основ во врска со некои одредби како што е членот 242 од Законот што е во случајот со кој се одредува дека надлежностите при реализацијата на сите овие задачи што треба да ги извршуваат.

Службата за информирање ме информира дека слични амандмани предложил и колегата Зоран Томиќ кој сигурно ќе ги образложи или ќе го образложи својот амандман. Затоа ви благодарам во врска со сето ова.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Јашари, сфатив дека не го повлекувате амандманот.

Господинот Зоран Томиќ бара збор за овој амандман.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Мојот амандман се однесува токму на членот 2 од предложениот закон, ние водевме навистина една квалитетна расправа на Законодавно-правната комисија, меѓутоа, заседовме став, тоа претседателката не го кажа, сепак одлучивме со амандмани по овој закон во интерес Владата да се произнесе.

Морам да кажам дека малку сум изненаден од ставот на Владата дека овој амандман не го прифаќа и затоа ќе дадам една солуција во смисла на објаснување зошто е битен овој член.

Во дел од дискусијата на колегата Караџоски кажа дека со овој закон се регулираат одредени области, можеби заборавивме да обрнеме внимание на Глава В од овој закон, каде за прв пат, не за прв пат, во подробност се предлага реализирање на договорниот залог, меѓутоа, во одделни членови недостасуваат и добро е што го кажа господинот Караџоски оние членови кои се однесуваат на Законот за извршната постапка. Правниот основ го гледаме во членот 242 од Законот за извршна постапка, односно дека за одлучување за предлогот за обезбедување на парично побарување со засновање заложно право врз недвижности и за спроведување на таквото обезбедување е надлежен судот на чие подрачје се води катастарот востановен според Законот за премер, катастар и запиување на правата на недвижностите во кој треба да се изврши запишувањето.

Истовремено во членот 140 од Законот за извршна постапка е предвидено дека за одлучување за предлог за извршување врз недвижности и за спроведување на тоа извршување е надлежен судот на чие подрачје се наоѓа недвижноста.

Од тие причини сметам дека амандманот на предлагачот, господинот Аднан Јашари треба да се подржи, мојот амандман е скоро идентичен, но бидејќи според Деловникот во ситуација кога имаме два амандмани кои се однесуваат на исто прашање, а амандманот на Аднан Јашари е поднесен пред мојот амандман, јас го повлекувам мојот амандман, а колегите пратеници ги замолувам да го изгласаме овој амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас ви советувам да го повлечете ако помине амандманот, ако не помине имате уште една шанса.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, 63 за, 5 воздржани и 7 против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот за менување на член 82, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Амандманот на истиот член од господинот Зоран Томиќ станува безпредметен и е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Дарљишта.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Владата го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека амандманот на член 2 став 3 поднесен од Законодавно-правната комисија станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 9, поднесен од Законодавно-правната комисија .

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Дарљишта.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Владата не го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со расправа по амандманот на член 9 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 11 за, 5 воздржани 14 и 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 9, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 3 и за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Дарљишта.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Владата не го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 17 се изјасниле за, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 став 3 и за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од ЗПК.

Има збор господинот Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Имам една забелешка.

Господине претседателе, доаѓаме во една ситуација која е несакана и за пратениците и за ЗПК. Јас бев единствениот пратеник кој побара од претседателката на Комисијата на седниците на Комисијата би било добро да

учествуваат претставници на Владата, значи министерот и неговито заменик. Тоа е прво. Ќе не почитуваат како пратеници од народот.

Второ, нема да дојдеме во ваква контрадикторна ситуација кога повереиот на Владата ги прифаќа амандманите на ЗПК, а претставникот на Владата министерот и заменик министерот не се согласуваат и не ги прифаќаат амандманите кои претходно биле договорени.

Затоа барам во иднина и министрите и претставниците на Владата да имаат респект, почит кон пратениците, бидејќи политичките личности се министерот и заменик министерот, тие се избираат од Парламентот и ако велат дека е прифатливо тоа е прифатливо, ако не е прифатливо на сеансата, тогаш во иднина би било подобро да имате поголемо внимание политичките претставници да учествуваат на седниците на ЗПК. Ова го велам, бидејќи е потребен почит кон пратениците за да не доаѓаме во ситуација каква што е сега кгоа еднаш е прифатено од Комисијата, биле собрание неколку пратеници, дадовме виза за амандманот, имајќи предвид дека повереникот на Владата ги прифатил амандманите, мислејќи дека таа е консултирана со министерот кој е политичка личност и тој е авторизиран да го претставува законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Вејсели.

Јас се согласувам, вашата забелешка е на место, да не се доведуваме во ситуација кога повереникот ќе ги прифати амандманите, а пратениците мислат дека се веќе пред усвојување, а потоа добиваме обратен став.

Молам тие забелешки министрите да ги имаат во предвид во понатамошната работа.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, кој согласно Деловникот и Уставот сепак го има последниот збор.

Има збор господинот Дарљишта.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Владата го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека амандманот на член 19 став 1, поднесен од ЗПК станува составен дел на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Дарљишта.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Владата не го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, за гласале 28, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 став 2, поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 1, алинеи 3 и 8, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Дарљишта.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Владата го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека амандманот станува составен дел на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Дарљишта.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Владата го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека е прифатен, констатирам дека овој амандман е составен дел на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1, 2 и 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Дарљишта.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Владата го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека амандманот стана составен дел на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 5, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Дарљишта.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Владата го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека амандманот стана составен дел на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 71 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Дарљишта.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Владата го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека амандманот стана составен дел на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 76, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Дарљишта.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Владата го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека амандманот стана составен дел на Предлог законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници од кои 69 за, воздржани 4, против 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за договорен залог.

Минуваме на точка 4.

Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за облигациони односи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, дали некој бара збор?

Има збор господинот Кокароски, заменик министер за финансии.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Почитуван господин претседател, почитувани пратеници, почитувани дами и господа,

Уставниот основ за донесување на законот е соджан во член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, според кој Собранието на Република Македонија донесува закони.

Потребата од донесување на закон за изменување на Законот за облигациони односи е условена од актуелните трендови на меѓународниот финансиски пазар, односите на РМ со меѓународните финансиски институции, како и кредитната политика на деловните банки.

Лимитот на височината на каматната стапка при пласирање на средствата од страна на банките на крајнит корисници како што е до сега уредено со член 546 став 2, претставува пречка за поинтензивна кредитна политика од страна на деловните банки и пласман на расположивите финансиски средства од домашни и странски извори на кредитобарателите.

Со членот 546 став 2 и 3 од Законот за облигациони односи се дефинира поимот на лихварска камата и се ограничува височината на каматната стапка по која деловните банки можат да пласираат средства на крајните корисници.

Административното ограничување на висината на каматната стапка со закон е инструмент кој не оди во прилог на развој на пазарната економија и пазараните односи, односон тоа претставува непазарен инструмент.

Висината на каматната стапка по која средствата ќе се пласираат до крајните корисници зависид од понудата и побарувачката на пазарот на капитал, односно пазарот на пари од висината на есконтната стапка што ја утврдува и ја води Народната банка на Македонија, како и од каматната политика на деловните банки за депонираните штедни влогови.

Причина повеќе за овие измени е тоа што во моментот во РМ се користат повеќе странски кредитни линии за кои странските кредитори како услов за продолжување на имплементацијата го поставуваат бришењето на ставовите 2 и 3 од членот 546.

Исто така, во постапка е и имплементацијата на Законот за основање на банка за микрокредитирање, а тоа треба да биде основана како банка за микрокредитирање со странски капитал од Европската банка за обнова и развој од каде е банката и меѓународната финансиска корпорација. Една од забелешките на странските основачи дека тие не прифаќаат ограничување на висината на каматната стапка, односно бараат бришење на ставовите 2 и 3 од членот 546 од Законот за облигациони односи.

Ова се должи на фактот што се работи за основање на банка која ќе пласира мали кредити со висока изложеност на кредитниот ризик при пласирање на средствата на крајните корисници за кои нема да се бара обезбедување во недвижен имот, односно кредитите ќе се одобруваат по скратена постапка, само со обезбедување во движен залог, или со жиранти.

Со оглед на изложеното, потребно е Парламентот да го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Кокароски.

Има збор господинот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседтеле, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Во својство на известител на  Комисијата за политички систем и односите меѓу заедниците како матична Комисија за овој закон, сакам да кажам дека Комисијата едногласно го поддржа овој закон и она што го зборуваше господинот заменик министер нема да го повторувам, бидејќи навистина има потреба од донесување на овој закон. Имено, ова е меѓународна обврска, според меѓународните финансиски институции и со ова се овозможува пазарна политика во градењето на каматната политика, која во иднина ќе зависи од висината на есконтната стапка, која е утврдена од Народната банка на Македонија, како и од понудата и побарувачката, така што поимот “лихварска камата” оди во историјата. Навидум една ситна измена во Законот за облигациони односи, меѓутоа, таа е доста значајна.

Она што сакам да го истакнам во мое име, меѓутоа и во име на Комисијата, тоа е дека вакви обврски спрема меѓународните финансиски институиуции, меѓутоа, и спрема други институции, ќе имаме и во иднина. Затоа, апелирам до Владата, а тоа го зборував и минатиот пат кога гласавме за измените на Законот за трговските друштва, кој 90 пати се менува, да ги согледа сите овие потреби за измена не само на овој закон за облигациони односи, туку и на други закони, со цел да не правиме месечни парцијални измени во законот, туку да се направи анализа за едногодишен или двегодишен период на оние закони кои е неопходно да се изменат поради настанување на разноразни услови, како што е во конкретниот случај потребата за пазарна политика во областа на каматите и обврската спрема меѓународните институции, во конкретниот случај спрема меѓународните монетарни фондови и други монетарни институции, за да имаме еден покомплексен приод и покомплексна измена на законот.

Исто така, очигледно дека многу брзо е потребна измена на Кривичниот законик бидејќи таму во членот 260 е предвидено кривично дело кое треба да се укине или да се модифицира, бидејќи веќе се менува Законот за облигациони односи. Таму се предвидени два става кои се однесуваат на кривично дело лихварство и во најмала рака овој член на Кривичниот закон треба да се модифицира, а можеби, ако детално се анализира, и да се укине. Затоа, апелираме посебно до Министерството за правда да ја преиспита потребата од изменување на Кривичниот законик.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Шапуриќ.

Има збор господинот Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Оваа измена на законот и овој недостаток во законот беше забележан, значи детектиран уште кон крајот на 2001 година, бидејќи поранешната влада на почетокот на 2002 година оваа измена што сега се наоѓа пред нас ја испрати во Парламентот, со барање Парламентот да ја усвои. За жал, во првата половина на 2002 година, Парламентот имаше премногу материјал и премногу работи и не стаса да ја усвои оваа измена и дополнување на Законот.

Ценам дека треба да се прифати. Овој поим одамна е надминат. Веројатно се работи за недостаток, пропуст, останат од минатото во законот. Тој е добар не само заради доследно спроведување на пазарната економија, туку и за да се овозможат странските инвеститори непречено да инвестираат, како што е да кажеме Европската банка  за обнова и развој, која некаде од јуни, јули минатата година донесе одлука за отворање банка за микрокредитирање во Македонија и колку што имам информации веќе е пред само отворање на банката, што значи прашање е на кусо време кога ќе биде отворена, а ова беше последната пречка што требаше исто така да биде отстранета. Тие исто така беа свесни дека тоа ќе помине на Парламентот но очекуваа тоа да се направи.

Јас би ја поддржал оваа измена на Законот за облигации.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почитувани пратеници, точно е тоа дека ова е истиот  закон кој беше во Собранието во првото полугодие на минатата година. Меѓутоа, Собранието тогаш беше оптоварено со премногу активности околу обврските од Рамковниот договор и не бевме во состојба многу други работи да ги завршиме, а сакавме да престанеме порано да работиме, тоа беше некаде средината на јули или 13,14 јули.

Иако овој закон заслужуваше да биде донесен, и овде Владата покажува  еден разумен однос, фактички го чува континуитетот во работењето. Така треба да се

работи, така и бива држава. Сакам да ви кажам дека Пратеничката група на Либералната партија ќе го поддржи донесувањето на овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот  и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за измена на Законот за облигациони односи.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 63 пратеници, сите се изјасниле за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 64 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на член 2.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Димко Кокароски, заменик министер за финансии.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Се прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека амандманот е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Се прифаќа и овој амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претртес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 63 пратеници, сите гласале за законот.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за облигациони односи.

Преминуваме на Петтата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на хидрометеоролошки работи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и претставници на Влада,

Ова е можеби неважен закон, како што некои од моите колеги претходно кажаа дека ние донесуваме овде мали, ситни и неважни закони, но зад себе крие многу битна проблематика. Лично не сметам дека има важни и неважни закони, ако некој закон засега еден единствен граѓанин во некоја смисла, тој е за мене навистина важен закон. Постојат обемни закони или закони на една страница. Квалитетот не може да се подведе под важни и неважни закони.

Пред нас стои еден закон, кој претходната Влада го изготвила, а не успеала да го изгласа во Парламент и сега сегашната Влада тој континуитет го продолжува, само морам да констатирам дека и сегашнава Влада малку посериозно не се занимава со суштината на проблемот.

Јас бев во дилема дали да гласам кога колегата оваа точка бараше да се симне, дали да гласам за или против. Но бидејќи образложението за мене е битно, но е посуштинско, проблемот е посуштински, затоа гласав оваа точка да дојде на дневен ред, за да можам неколку зборови да кажам за овој закон.

Имено со овој закон се врши некое усогласување на одлуката за измена на Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2000 година, кога тогашната Влада, Хидрометеоролошкиот завод го претвори и го направи орган при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Можеби луѓето кои тоа го направиле немале доволно информации и знаење колкаво е значењето на оваа служба и тоа го направиле. Сега со овој закон всушност се врши усоглассување со некои правни термини, за да се дефинираат правно некои односи, како орган во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Грешката мислам дека е направена уште со донесувањето на тие измени на тој закон за организација и работа на органите, бидејќи поранешниот Хидрометеоролошки завод, а сега орган под нив, во никој случај не може да биде дел од кое министерство. Не може Хидрометеоролошкиот завод, кој што е формиран 1947 година, за да 1963 година прерасне во завод, кој е член на Светската метеоролошка организација, која во рамките на своите активности врши интердисциплинарни истражувања, додека беше како завод , од типот на следење на времето, за кое најмногу знае граѓанството, од типот на анализи на климатските промени, од типот на анализи на хидролошките состојби во нашата држава, дури и водните ресурси, контрола и следење на состојбите во животната средина, како и работа и анализи кои суштински придонесуваат во заштита на животот и

материјалните добра и јакнење на националната економија. Тоа не може да биде еден орган и тоа административен, бидејќи така ни се поставени министерствата.

Затоа излегов да наговестам, бидејќи јас ќе гласам за овие измени на законот и за тој правен вакуум, но да наговестам дека ќе покренам јас или можеби во договор со Министерството, ќе покренам процедура да се изменат сите акти, за да може овој Хидрометеоролошки завод повторно да функционира можеби како статистички завод, како геодетски завод и други заводи. Користа е повеќекратна. Како прво, дејноста на Хидрометеоролошкиот завод е интересорна и ако сакаме рационализација на администрацијата, мораме таквите дејности да ги тргнуваме надвор од Министерството. Министерството за заштита на животната средина користи такви информации, Министерството за одбрана - значи воздухопловството, Министерството за земјоделство, дури можеме да кажеме и Министерството за внатрешни работи. Сите користат информации кои се прават или се правени и реализирани во рамките на хидрометеоролошката дејност. Неможеме хидрометеоролошката дејност да ја сведеме, а сигурно ќе ја сведеме, само да ни реферира секој ден какво е времето и дали ќе врне или нема да врне утре. Тоа е еден аргумент. Значи ако се одвои Хидрометеоролошкиот завод со стариот статус или со некој подобрен статус, тогаш мислам дека ќе се изврши една ефикасна рационализација, со тоа што исто така Хидрометеоролошкиот завод, може да излезе на слободниот пазар каде што може да ги дава своите услуги и на другите стопански субјекти.

Втората причина што мислам дека треба да се размисли за тоа е дека ние на овој начин, она што е за мене најбитно, на некој начин ја замираме научно-истражувачката и развојната компонента од оваа област. Има многу доктори по министерства, кои можеби не се стимулирани бидејќи не примаат дополнителен надомест за таква титула, можеби некаде минимален кои од лична иницијатива и желба докторирале. Самата професија во рамките на министерствата не им дава стимул да се наградуваат научно и стручно. Истото тоа ќе се случи ако продолжи, а претпоставувам тоа се случува во претходниве две години, ако продолжи Хидрометеоролошкиот завод со такво значење за нашата земја да егзистира повторно во рамките на било кое министерство, а сега моментално во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Не можеме да ги следиме тековите на модерниот технолошки развој, а со тоа што нема да инвестираме или нема да дадеме рамка или услови за да може младите луѓе

научно, технолошки, апликативно, истражувачки, како сакате кажете, да се развиваат. Тоа може и има примери каде што постојат заводи кои се независни и посебни, каде тоа успешно се работи, како Заводот за статистика, Заводот за геодетски работи, па и други заводи и институции кои постојат.

Затоа, сметам дека сега ова ќе го изнесам, за да може на некој начин овој вакум да се надмине, мислам на правниот вакум. Инаку, би замолил ако може тоа да влезе како заклучок, да се добие информација за досегашната оправданост на постоење на Хидрометеоролошкиот завод како орган на управа на ниво, не потценувам, но на ниво на орган за семе и семени материјали, како орган на управа за водостопанство или еден од таквите органи што ги има повеќе во рамките на Министгерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Оправданоста на досегашната поставеност, во секој случај, јас како пратеник ќе побарам таква информација, ќе побарам да се продискутира  и ќе ги покренам сите механизми што ми ги дозволува пратеничкиот мандат, да се направат соодветни измени во соодветни закони, за да може Хидрометеоролошкиот завод повторно да биде она што е.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Јордановски.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на хидрометеоролошки работи.

Ве молам да се изјасниме со гласање.

(По гласањето)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Гласале 61 пратеник, за гласале 59 пратеници, 2 пратеника воздржани и никој против.

Констатирам дека заклучокот е своен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Додека трае гласањето, молам присутните да ми дадат број на присутни во салата.

Гласалед 61 пратеник, за гласале  59 пратеници, двaца биле воздржани и никој нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Присутни во салата се 62 пратеника.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на текстот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 60 пратеници, двајца гласале воздржано и никој против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за хидрометеоролошки работи.

Минуваме на точка 6 -  Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вино, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почитувани пратеници, овде исто така имаме еден закон кој произлегува од порано сработените работи од претходната Влада. Всушност се работи за тоа  што сега ние ќе го ратификуваме и протоколот за зачленување во Светската трговска организација, кој налага да имаме јасни и дефинирани инструменти за водење на политика на таканаречен организиран аграрен пазар.

Фондот за вино, кој постоеше засебно, одвоено и помагаше во извозот на вино, беше еден корисен инструмент, не ќе може да постои понатаму, бидејќи така некако самоуправни инструменти и расфрлени инструменти за поттикнување на извозот со светската трговија, не се можни, туку мора да бидат во рамките на

општата контрола и општата рамка  на тој организиран аграрен пазар. Значи, ќе треба да си влезат во Фондот за развој на земјоделството.

Според тоа, сосема е нормално и овој закон да се донесе  и пратениците од Пратеничката група на Либералната партија ќе го поддржат донесувањето на овој закон. Само, со префрлувањето на Фондот за вино, јас им обрнувам внимание на функционерите на Владата во овој фонд за развој на  земјоделството да не се случи да дојде до потценување на значењето на производството и на извозот на виното и да нема некои последици од чисто организациони причини, заради тоа што навреме не се преземат некои мерки, како што нешто и сега се случува со извозот на јагнињата, па гледам и на некои други сектори. Од таму ова е едно самоукажување, а инаку ќе го поддржиме донесувањето на законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вино.

Ве молам да гласае.

Гласале 64 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен заклучокот.

Дали Собранието  го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на предлогот односно на текстот на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Побарав збор по претресот и тоа се однесува повеќе во вид на прашање до претставникот на Владата за членот 59-а. Имено, видно е дека самиот член, опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа и другите средства на фондот за грозје и вино, се пренесуваат во фондот за земјоделство.

Поставувам прашање дали има вработени  во тој фонд и што е со нивната судбина, дали се преземени или не се, ако е можно да ми одговорите.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Со средствата на фондот за вино веќе работи фондот за земјоделство од моментот кога е поднесен предлогот и кога беше евидентно дека фондот за вино ќе престане да постои. Тоа е последната информација што ја поседувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вино.

Ги повикувам пратениците, доколку се во ходникот, да влезат во салата затоа што одиме на многу важен закон.

Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија кон Светската трговска организација, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештајот на ЗПК, ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господинот Филиповски, министер за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, пред вас го имате  Предлог законот за ратификација на Спогодбата со Светската трговска организација и се надевам дека ќе го поддржите.

Дозволете ми со ова мое кусо обраќање  да говорам  за значењето на Светската трговска организација, но и за големите обврски и напорната работа што

ни претстои. Светската трговска организација е единствена меѓународна организација која се занимава со правилата на трговијата со стоки и услуги меѓу земјите кои се нејзини членки. Принципите на недискриминација, либерализација и транспарентност се основа на мултилатералниот трговски систем.

Најважна цел на Светската трговска организација да помогне трговијата да тече слободно. Преку нејзина либерализација да се отстранат постојните трговски бариери односно да се применат правилата кои се транспарентни и предвидливи. До овој момент 145 земји се членки на Светската трговска организација, а повеќе од 25 земји се аспиранти за членство. Република Македонија ќе биде 146-та членка, покрај Словенија, Хрватска, Романија, Бугарија, Албанија кои се нејзини членки од поблискиот регион. Меѓу земјите кои се во преговори за пристап во Светската трговска организација се Босна и Херцеговина, Југославија, Украина и Русија.

Почитувани пратеници, Владата на Република Македонија го поднесе барањето за пристапување кон Светската трговска организација во декември 1994 година. Резиултатите од преговорите на Република Македонија со земјите членки на Светската трговска организација се составен дел на протоколот за пристапување кои ги содржи документите, листа на отстапки и обврски во трговијата со стоки, листа на специфични обврски во трговијата со услуги и извештај на работната група за пристапување на Република Македонија кон СТО.

Билатерални преговори се водени со сите земји кои покажале интерес и тоа со САД, Австралија, Канада, Јапонија, Европската Унија, Норвешка, Швајцарија, Малезија, Латвија, Словенија и Хрватска. За определени обврски што ги превземаме како идна членка на СТО постојат транзициони периоди, со што нивното применување е одложено за определен временски период. Но, за останатите обврски важи правилото дека нивното исполнување е задолжително со денот на зачленувањето на земјата во СТО.

Што не очекува по зачленувањето во Светската трговска организација. Македонскиот пазар и економија во целост од сега уште повеќе се отвораат за стоките и услугите што доаѓаат од странство. Како илустрација, просечната стапка на царинската заштита која сега изнесува 14,26% во исчекувањето на транзициониот период ќе се намали на 8%. Виталните гранки во делот на земјоделското производство и понатаму ќе се заштитуваат со просечна стапка од 13,72%, но затоа домашното индустриско производство ќе се штити со просечна царинска стапка од 6,3%. Увозот на репроматеријали, суровини и опрема и готови производи што не се

произведуваат кај нас по истекот на транзициониот период, кој изнесува максимум 7 години, целосно треба да се ослободи од царина.

Оправдано се наметнува дилемата дали македонското стопанство со ваков степен на трговска либерализација е способно да се соочи со светската конкуренција. Сите економски анализи укажуваат на тоа дека процесот на прилагодувањето на македонската економија на правилата на СТО, нема да помине без тешкотии и проблеми. Јасно е дека сега не е можно да го вратиме преговарачкиот процес за влез во СТО целосно на самиот почеток. Заради елиминирање на проблемите кои би можле да настапат по нашето зачленување во СТО во Министерсвото за економија во текот на ноември и декември 2002 година се организираа работни средби со претставници од Стопанската комора и релевантни производители по индустриски гранки. Ваквите консултации ќе продолжат и во иднина. Целта на ваквите работни средби се преку прецизни и сеопфатни анализи да се утврди што треба да се направи за домашното производство да ја има истата царинска заштита како и производите од странство и да се создафдат предуслови за здрава конкуренција на домашниот пазар, која понатаму ќе дојде до израз и на странските пазари.

Заклучено е дека со автономната либерализација на одделни тарифни броеви сеуште може да се подобри усогласеноста на царинските стапки меѓу влезните суровини и крајните производи кои не биле предмет на билатералните преговори со земјите членки на Светската трговска организација.

Почитувани пратеници и покрај сите предизвици пред кои ќе биде исправена Македонија, македонската економија како дело од СТО, не постои друга алтернатива, освен прилагодување на домашното стопанство, со цел да може да се соочува со светските предизвици.

Министерството за економија ќе ги поттикнува овие процеси преку мерките за создавање конкурентност на македонската економија, стандардизацијата, акредитацијата и сертификацијата на квалитетот. Придобивките од влезот на Република Македонија во СТО се долгорочни и нема веднаш да остават видливи ефекти. Но, како министер за економија од областа на мојот ресор би ги издвоил следните. Зголемување на конкурентноста и намалување на цените на стоките и услугите односно добивање на крајни производи со подобар квалитет и пониски цени.

Понатаму, поголема транспарентност и предвидливост на одвивањето на трговијата и целокупните економски текови, со што нашата земја ќе биде уште

попривлечна за странски инвестиции, кои пак треба да овозможат отворање на нови работни места и намалување на бројот на невработеноста.

Со членството во СТО , Македонија стекнува третман на најповластена нација кај останатите земји членки, со што македонските извозни компании ќе имаат олеснет пристап на пазарите на тие земји. Се обезбедуваат услови трговијата да се одвива непречено и колку што е можно послободно. Тоа ќе им овозможи на компаниите во Република Македонија поедноставен трансфер на технологии и знаења, а во насока на подигање на економскиот развој и на животниот стандард на населението.

На овој начин со пристапување кон СТО, Република Македонија прави чекор напред во приближување и кон критериумите и стандардите на Европската Унија. Со тоа се приближуваме кон нашата крајна цел Република Македонија да стане дел од заедничкото европско семејство и пазар, што од своја страна носи дополнителни општествени и стопански придобивки.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Филиповски.

Збор има господинот Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитувани пратеници, јас би сакал да го поздравам денешното донесување на Законот за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија во СТО, со Предлог на закон, бидејќи убеден сум дека ќе биде усвоен. Овие преговори беа, како што сите знаеме овде во Парламентот, тешки. Започнаа пред четири години со деблокирање на процесот, кој што всушност почеток на преговорите беше блокиран претходно, тоа беше некаде во март 1999 година, тогаш започнаа преговорите, после средбата со претседателот на СТО во Женева и во овие четири години имаше макотрпни преговори за да се дојде до она што се случи во октомври, кога практично беше сосема јасно дека Македонија е примена во СТО и усвојувањето на денешниот протокол.

Сакам да укажам дека навистина влегувањето во СТО е еден голем чин и има долгорочни ефекти, како што кажа и самиот министер, кои што се многу поголеми од евентуални поситни негативни ефекти на краток рок. На македонската економија и треба конкуренција и тоа е одамна констатирано и со започнатите преговори, договори за слободна трговија со потпишаните. Добро е што досега немаше санкции од други држави, заради тоа што не бевме членки на СТО, затоа што по тие правила

секоја членка на СТО, доколку оцени и доколку сака може да воведе саанкции при увозот на македонски производи односно да примени други царински тарифи, а не оние царински тарифи кои се применуваа за земјите членки на СТО.

Со ова пристапување имаме и дополнителна либерализација на царинските тарифи, пред се, на многу суровини за македонското производство, огромен број на суровини се намалува или се укинува, претежно се укинувала царинската тарифа. Еден таков чекор беше направен во 2000 година кога над 4000 царински тарифи беа намалени и ова е еден дополнителен, исто така, многу важен чекор во тој правец. Имаме од хемиската индустрија, од индустријата за кожа и тн., а исто така имаме и ситуација каде што имаме и намалување на царините на готови производи, меѓутоа најчесто намалувањето се врши во тие случаи со еден транзиционен период до пет години.

Вжно е, исто така, да се каже дека со овој закон и со овој протокол имаме укинување, целосно укинување на царината на компјутерите и на информатичката технологија. Да потсетам во 2000 година со тогашните измени нив ги сведовме на минимум, ми се чини на 4%, сега се оди со уште еден дополнителен чекор и исто така имаме намалување на царината на половните автомобили, а во 2005 година намалување на царината и на автомобилите кои што се нови. Така што, сега колку што можам да разберам од 15 на 10% оди царината за половни автомобили, а од 2005, од 10 на 5% ќе оди за нови автомобили.

Да потсетам дека поранешната Влада во Законот за акцизи напиша односно предложи и тоа беше прифатено од Парламентот на 31 декември оваа година целосно да се укинат акцизите за автомобили, така што со ова намалување на царините на автомобилите и она што ќе се случи до крајот на годината, целосното укинување на акцизата на автомобилите ќе имаме една поголема релаксација со давачките за увоз на автомобили, што за многу граѓани во оваа држава е извонредно важно.

Би сакал да напоменам и дека од информациите што ги имав од претставниците кои што во последната година преговараа во Женева со СТО, тешка борба се водеше околу земјоделството и таму е остварена една релативна заштита на производството, а особено е добро што издејствувано е за повеќето од производите петгодишен транзиционен период.

Во финансискиот сектор уште некаде во текот на 2000 година беше извршена речиси целосна либерализација, не заради СТО, туку затоа што не почувствувавме дека е така добро и така треба да се направи, така што во финишот на преговорите

со СТО речиси да немаше посериозни работи во финансискиот сектор. Имаше неколку прифатени измени во Законот за инвестициони фондови, во Законот за супервизија на осигурување и уште неколку, меѓутоа, не од така големо значење, затоа што сите позначајни работи во финансискиот сектор беа уште порано прифатени, либерализирани и направени онака како што се стандардите на СТО. Од прилика тоа е она што би сакал да го кажам, дека навистина на оваа работа се работеше многу почнувајќи од 1999 година кога бев во Министерството за трговија, па се до еден огромен дел од работата што ја заврши претходниот министер за економија господинот Фетаи. И, кога ќе помислиме и дека некаде пред изборите започна проектот на ЈСД за засилување на конкурентноста на Република Македонија, цениме дека можеби во вистински период и тој проект започна и овие измени и прилагодувања на СТО доаѓаат.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Збор има господинот Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и министри, сакам да се произнесам по оваа точка на дневниот ред и целосно да го поддржам гласањето за ратификациите на овој протокол, со што Република Македонија прави еден значаен исчекор во зачленувањето со СТО, со што трајно си ги регулира статусот на држава со највлијателната и најзначајната трговска организација во светот. Тоа во многу нешта ќе помогне и во другите релации меѓународни, пред се финансиски на државата, како и во преговорите со ММФ и Светската банка, но без овој исчекор, ние не ќе можевме да се надеваме за порадикални, побрзи чекори во економскиот развој на државата. Иако, искрено да кажам, бидејќи сум од пратениците единствен учесник на седницата на Генералниот Совет на СТО, која ја донесе Одлуката уште во месец октомври.

Со што некои од ефектите на нашето зачленување во Светската трговска организација ќе можевме да ги примениме уште од почетокот на оваа година. Тоа посебно се однесува на земјоделието, бидејки во овие преговори на сметка на заштита на домашното производство се изборивме да се задр и и правото на субвенција на земјоделието во обем кој Република Македонија го имаше последниве две години. Тоа сега не го ставивме на преден план, меѓутоа, тоа е една од формите и начините за одредени дубијози кои ги имаме во земјоделието или кои се

последица на непогодностите, било да се работи за природни непогодности преку овој механизам на субвенции да се намалуваат.

Исто така со влегувањето во Светската трговска организација со стекнувањето на правото на принципот на повластена нација многу добива металургиската индустрија во РМ. Да го имавме овој статус една година порано немаше да ги имаме и штетите кои настанаа заради односите помеѓу САД и Европската Унија околу челикот. Нашата држава неправично, така да речам, беше на листата на земјите на кои им беше ограничен извозот на челик во САД. Сега тие погодности на повластена нација ќе ги почувствува и оваа многу значајна гранка, така да се мултиплицираат економските ефекти од зачленувањето во Светската организација.

Треба да се оддаде почит и признание на сите преговарачи, бидејки во РМ 1994 година иницираше свое зачленување вов ремето на ГАТ, меѓутоа, навистина преговорите во последните две години беа со таков интензитет и беше прифатен нашиот статус да резултираат со релативно брз период на зачленување на РМ во Светската трговска организација. Но ова е само да речам меѓународната трговска асоцијација со статус на рамноправен член. Она што на домашен терен треба да се направи, тоа е потешкиот дел од задачите, ефектите да бидат поголеми. Без реструктуирање на нашиот индустриски потенцијал, без подигањето на квалитетот на производството и услугите, бидејки ова не се однесува само на стоките, туку и на услугите и на интелектуалната сопственост, ние не ќе можеме да издржиме во натпреварот на конкурентноста на вака либерализираниот пазар, дотолку повеќе што веќе и со привремената Спогодба за стабилизација и асоцијација со Европската Унија за трговската размена и со десетте договори за трговска либерализација, веќе се отворивме доволно и оттука, мислам дека концептот на Владата треба да биде посветен токму кон создавањето на поповолни услови на стопанството за излегување од актуелната економска криза.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Почитуван претседателе, сакам накратко да кажам дека во досегашната парламентарна практика сме имале безброј закони за ратифиакција на одреден број документи и во најголем број случаи без исклучок сме поминувале во расправата за тие закони, и без ниедна дискусија и често пати сме го потврдувале тоа што се работи за законите кој што се од мал обем и сме ги расправале итно по скратена

постапка. Но, често пати при донесувањето на тие закони, за ратификација на тие документи не ја согледуваме содржината на документите, кои што ги донесуваме.

Оваа денешна практика најверојатно претставува менвуање на тој таков наш однос и ќе мораме малку по суштински да ги расправаме документите кои што ги ратификуваме. Ние сме свесни дека тие документи што сега ќе ги потпишеме дека не можеме да ги менуваме, сепак можеме да расправаме во поглед на спроведувањето на тие документи.

Неоспорно е и од досегашните дискусии дека сите политички партии во РМ со консензус и се едногласни за пристапувањето на Република Македонија кон Светската трговска организација. За тоа ни зборува и фактот од 1996 година од кога започнале првите припреми и подготовки за пристапувањето кон Светската трговска организација, се измениле голем број влади и министри од најразлични политички партии кои го воделе Министерството за економија и тоа го потврдува фактот дека сите сме едногласни за пристапвуањето кон Светската трговска организација.

Неоспорно и она што досега и министерот Филиповски зборуваше и останатите дискутанти што зборуваа за предностите кои што ќе ги добиеме како држава со пристапувањето кон Светската трговска организација, дали е тоа во поглед на зголемување на трговската размена, ефикасноста во решавање на спорови, намалување на трошоците на потрошувачите, односно доаѓање до поефтини производи. Има и ред други предности што ќе ги добиеме.

Јас сакам расправата малку да ја насочам кон тоа , што како држава ќе не очекува после пристапувањето кон Светската трговска организација. Ние треба да се соочиме со еден факт дека нашето стопанство ќе биде се повеЌе изложено на меѓународната конкуренција, односно на производи на нашата држава, кои што во еден почетен период, ако добро не се подготвиме, може нашите стопански субјекти да имаат негативни последици, кои што можат да се одразат како на нивното работење и а дел од вработените во тие компании.

Затоа сметам дека и Владата и останатите чинители во државата треба најсериозно да се пристапи кон припрема на стопанските субјекти, да не се најдат во една незавидна состојба, иако главниот товар со потпишувањето на овој протокол, сега ќе падне на менанџментите на компаниите, што е и нормално.

За да бидат конкурентни нашите производи, со производите кои што нашиот пазар Ќе биде сега поотворен, ќе мора да се свртат менанџментите на компаниите да инвестираат во усвојување на нови технологии и опреми. о спротивно, ќе бидат постојано технолошки зависни. Тоа сепак, зависи од менанџментите на компаниите,

но ние како држава на овој план мораме да донесеме одредени мерки, со кои што ќе го стимулираме инвенстирањето во новите технологии, дали тоа ќе биде преку одредени даночни олеснувања, или со други мерки, но како држава не смееме да стоиме ан страна од тој процес.

Како што напомена министерот во своето уводно излагање и останатите дискутанти, се применуваат и цариснките стапки за голем број производи. Ние досега за одредени производи имавме високи царински стапки, со тоа го Штитевме дел од домашното производство, но и покрај тоа што и државата имаше корист од тоа со полнење на Буџетот, но очигледно е дека во недоглед  преку царинските стапки не можеме во заштита на домашното производство.

Следна работа која што сметам, покрај ова што го направило Министерството за економија и разговорите кои што досега ги направило со стопанствениците, сметам дека треба да се вклучат и двата универзитети во Република Македонија. Мислам дека ние недоволно ја користиме науката за соработка со компаниите. Само да напоменам скоро да нема држава во Западна Европа, која што најмалку двапати годишно не организира средба на нивните универзитети, односно на нивните професори со стопанствениците. Кај нас тоа како да е  занемарено и професорите ги користиме само во оној момент додека трајаат студиите на студентите, а после тоа државата некако не добволно стимулира поврзување на науката и стопанството. Сметам дека тоа треба да го направиме.

Следна работ акоај што е во надлежност на Владата, во надлежност на институциите во државата, која што мора да ја организираме на овој план, се нашите дипломатско-конзуларни претставнитва.

Со оглед на нашата финансиска мо што ја имаме како држава, сметам дека ние треба , пред се нашите конзуларни-дипломатски претставнишвтва да ги насочиме првенствена и примерна задача да им биде економскиот аспект. За таа цел можеби во државит екои се од посебен интерес за нашата држава, за развој на нашето стопанство треба да имаме посебни економски одделенија, односно економски аташеја.

Следно што сметам дека е исто така, потребно како држава и можеме да им помогнеме на стопанствениците е организирањето на разни саеми и изложби во странство со што би овозможиле да се претстави македонското стопанство на странските пазари.

Една идеја за размислување, која што исто така може Владата да размислува е формирање на државна маркетиншка агенција или во друг вид организација, која

што првенствена цел ќе има истражување на пазарот, а истовремено ќе ги користи и истражувањата до кои што дошле вакви институции и во другите држави.

Странците со тоа ќе се обраќаат до една ваква агенција, ќе имаат постојано информации, а од друга страна ќе докажеме дека ние навистина, сме цивилизирана држава и дека во секој момент располагаме со информации за состојбите на нашиот пазар.

На крајот би сакал да завршам са тоа што се очекува со пристапувањето во Светската трговска организација, може да дојде до зголемен интерес на странски инвестиции во Република Македонија. Тоа е точно така но за ова влијаат и голем број други моменти и сметам дек ание и сите чинители во РМ  треба да градиме имиџ на државата дека таа е достапна за странски инвестиции, но со оглед на она што досега го правевме, навистина, сметам дека со одредени постапки докажуваме дека Македонија не е земја за странски инвестиции. Само ќе напоменам. Ни ене можеме да бараме , а од една страна се залагаме  сите политички партии во РМ дека Македонија  е погодна за странски инвестиции, а од друга страна го создаваме имиџот на државата дека може да се очекува пролетна, летна, есенска воена офанзива, или дека има вакви или онакви непријатели, ќе излезат комити во планина, или незнам што друго и во една таква ситуација, никој не може да очекува во Република Македнија да има заентересираност за странски инвестиции. Затоа од сите нас зависи создавањето на имиџот на РМ за привлекување на странски инвестиции.

На крајот би завршил со тоа дека ратификацијата на овој закон е доста битна за Република Македонија на она што допрва не очекува е уште побитно и потешко за Република Македонија.

Ние како Либерално-демократска партија , ѓе гласаме за овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Најдовски.

Почитувани пратеници 17 часот веќе помина, а имаме уште 15 точки од дневниот ред, а имаме уште 6 пријавени дискутанти за оваа точка. Очигледно денеска и да продолжиме нема да завршиме и според тоа, ја прекинувам седницата. Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,10 часот).